Цел: Овозможување и оспособување на учениците за поздрав начин на живот во училиштето, домот и локалната средина. за унапредување на здравјето ,формирање на психички, физички и социјално здрава личност, способна да се грижи за своето здравје, здравјето на своето семејство и здравјето на поблиската околина. Нашето училиште води грижа за здравјето на своите ученици преку стекнување здрави навики во однос на лична хигиена, исхрана, заразни болести, грижа за здрава животна средина како и ментално здравје. За одржување на хигиената во училиштето се грижи технички персонал . Дератизација, дезинфекција и дезинсекција се врши еднаш во годината од надлежни институции како и секојдневно дезенфицирање на просториите во училиштето при редовното чистење. Во таа насока се преземаат и други активности и мерки: систематски прегледи на вработените и учениците, вакцинирање и едукација за здрава исхрана.

Програмата на училиштето за грижа на здравјето на учениците опфаќа реализација на програма за вакцинација на учениците, систематски прегледи и прегледи на забите, лиење на забите .предавања, работилници за унапредување на здравјето, грижа за личната хигиена и хигиената на училиштето.Оваа програма за грижа за здравјето на учениците, ја реализираат сите вработени во училиштето, наставници, стручна служба, ученици, родители, Медицинскиот центар во Тетово – оддел за училишна возраст, Заводот за здраствена заштита и поширокаата заедница.

Стручната служба, одделенските раководители во своите програми за работа планираат реализација на програми за здраствена едукација, здрава исхрана и работилници за унапредување на здравјето и превенција од зависности.

18.1. Хигиена во училиштето

Училиштето пред почетокот на годината ги прави сите неопходни активности за чистење и дезинфекција на просторот пред почетокот на наставата.Во текот на реализирање на наставата техничкиот персонал е задолжен од страна на секретарот на училиштето за организација и реализација на активностите поврзани со чистење и одржување на просторот. Училиштето континуирано во текот на целата учебна година обезбедува неопходни сретства за чистење и дезинфекција на просторот како и средства за лична хигена. Одделенските раководители во своите одделенија постојано работат превентивно и реагираат на ситуации кога не се оддржува хигена а правилата за однесување и обврските на учениците се вградени во нивниот кодек за однесување.

18.2. Систематски прегледи

Систематските прегледи се реализираат според распоредот од Здравен дом - Тетово и тоа во прво ,трето,петто и седмо одделение како и за вработените во дејноста.Систематските прегледи се реализирааат без да биде попречен наставниот процес, а учениците се придржувани од одделенските раководители .

18.3. Вакцинирање

Уште со уписот на децата во прво одделени се констатира дека календарот на имунизација кај учениците е реализиран и тоа е услов да се стане ученик,да се запише на училиште. Подоцна продолжува соработката според календарот за имунизација даден од Министерство за здравство така што одделенските раководители ги придружуваат учениците на вакцинација во период кога е даден распоред од Служба за вакцинација и истата се реализира надвор од училиштето поради можност од несакани ефекти.

18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Училиштето ги планира активностите од кампањата,,Здрава храна за детство без мана“ преку подигање на свеста за здрава храна како и подигање на училишниот активизам и промоција во средината со активно вклучување на родителите. Исто така има поместени содржини за пирамида на исхрана како да се храниме во Програмата за ОЖВ која се реализира на одделенски час.

19. УЧИЛИШНА КЛИМА

Во интерес на одржувањето на дисциплината, запазувањето на безбедноста во училиштето и во училишниот двор, како и стимулирањето на навиките за културно однесување и меѓусебно почитување, се реализираат следниве активности:

19.1. Дисциплина

Една од основните задачи во секоја воспитно-образовна институција е дисциплината на сите вклучени субјекти. Училиштето изнаоѓа многубројни начини за нејзино подобрување кај учениците, наставниците и останатите вработени. Во текот на учебната 2026/2027 година, сите субјекти во воспитно-образовниот процес ќе тежнеат кон создавање клима во која секој поединец ќе се чувствува сигурно и почитувано. Паралелките ќе негуваат работна, опуштена и поттикнувачка атмосфера.

На почетокот на учебната година, одделенските раководители ќе ги запознаат учениците со правилата и должностите. Ќе се изготви Правилник за обврските на сите вработени, кој ќе биде истакнат на видно место. Наставниците се задолжени за дисциплината за време на одморите согласно распоред, при што ќе се води дневна евиденција во ходниците, училниците, санитарните јазли и училишниот двор.

19.2. Естетско и функционално уредување на просторот

Училиштето континуирано се уредува според теми определени од Наставничкиот совет. Тимот за естетско уредување ја следи состојбата и, со поддршка од директорот, обезбедува средства. Одговорноста за уредувањето на училниците е поделена меѓу учениците и одделенските раководители. Сите вработени придонесуваат со изработки, проекти и презентации за подобра функционалност и удобност.

Со цел поттикнување на креативноста, двапати во учебната година ќе се формираат комисии кои ќе ги наградуваат најдобро уредените училници.

19.3. Етички кодекси

Училиштето има донесено етички кодекси за учениците, родителите, наставниците и вработените, кои се истакнати на видни места. Покрај нив, истакнати се и Куќниот ред и Еко-кодексот. Во фокусот на оваа учебна година е зајакнување на соработката „ученик – наставник – родител“ со цел беспрекорно функционирање на овој триаголник.

19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправен третман. Се негува професионална соработка, а наставниот кадар со своето однесување дава пример кон учениците, родителите и посетителите. Сите ученици, без оглед на нивните различности, се чувствуваат прифатени. Односите се градат преку отворена комуникација и заеднички активности, вклучително и планирање на дружење за вработените на крајот од учебната година.

Дополнителни сугестии за функционалност:

- **Дигитализација на евиденцијата:** Наместо само хартиена „дневна евиденција“ за дежурства, размислуваме за користење на споделен дигитален документ (на пр. Google Sheet) доколку е технички изводливо, за побрз преглед и анализа на состојбите од страна на стручната служба.

- **<u>Визуелизација на кодексите:</u>** Покрај физичкото истакнување, можеби би било корисно етичките кодекси да се испратат и дигитално до родителите (преку Viber групи или електронски дневник) за да бидат подобро информирани.
- **<u>Анкета за задоволство:</u>** Како метод за „следење на резултатите“ за триаголникот (ученик-наставник-родител), може да планираме кратка анонимна анкета на крајот од првото полугодие за да добиете реална слика дали зацртаната цел е остварена.

20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Тргнувајки од фактот дека образованието е една од најсилните алки во секое општество се наметнува и потребата од перманентно надоградување и усовршување на образовниот кадар. Според тоа и нашето училиште на своите наставници и стручни соработници им нуди услови за професионален напредок.

Забрзаните промени во образовната сфера неминовно ја наметнуваат потребата од постојано дообразување и усовршување на образовниот кадар.

Детектирањето на потребите и приоритетите за стручно усовршување и професионален развој на образовниот кадар ќе се спроведува врз основа на:

- Анкетирање на наставниците за нивните потреби за стручно усовршување;
- Сознанијата на педагошко-психолошката служба и директорот на училиштето, добиени од директното следење на наставата.

Една од примарните цели на училиштето е професионалниот развој на образовниот кадар. Тој се одвива на три нивоа и тоа:

- Индивидуално усовршување (по самостојна иницијатива)
- Интерно усовршување (преку соработка на образовниот кадар во рамките на училиштето)
- Екстерно усовршување (преку редовна посета на семинари и обуки надвор од училиштето спроведени од страна на Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука исл.)

Програма за стручно усовршување на воспитно–образовниот кадар

Активностите за стручно усовршување на наставниот кадар се спроведуваат преку системски пристап кој вклучува различни нивоа на соработка и ангажираност на сите структури во училиштето.

- **Активности во рамките на училишните тела:**

Работа на стручните активи: Наставниците, заедно со педагогот, психологот и директорот, континуирано учествуваат во работата на стручните активи, каде се разменуваат искуства, се планира наставата и се решаваат тековни предизвици.

Одделенски и Наставнички совет: Како органи каде се дефинираат политиките и се следи успехот на учениците, овие совети служат и како платформи за стручна дискусија и заедничко планирање меѓу наставниците и стручната служба.

- **Екстерно усовршување и консултации:**

Семинари, обуки и советувања: Со цел следење на современите образовни трендови, наставниците редовно присуствуваат на семинари, обуки и советувања организирани од Бирото за развој на образованието и Министерството за образование и наука. Во овој процес, наставникот-ментор има клучна улога во пренесувањето на информациите и насоките.

- **Поддршка и менторство:**

Стручна помош за наставниците-почетници: Наставникот-ментор, во соработка со стручната служба и раководството, дава континуирана поддршка на новите колеги во процесот на прилагодување и надградување на наставните компетенции.

Користење стручна литература: Училиштето поттикнува користење на стручна и педагошко-психолошка литература, при што наставникот-ментор ја координира достапноста до ресурсите кои се важни за професионалниот раст на целиот колектив.

- **Следење и континуитет:**

Училиштето континуирано го следи календарот на семинари и обуки обезбеден од надлежните институции (БРО и МОН), обезбедувајќи навремено информирање и вклученост на наставниот кадар во активностите кои придонесуваат за квалитетот на воспитно-образовниот процес.

20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Како инструмент за детектирање на потребите и приоритетите, училиштето ги користи резултатите добиени од последната извршена самоевалуација која ги покажа недостатоците , но и напредокот во одредени полиња во работата на воспитно- образовниот кадар. По финалната евалуација на овој инструмент, донесено е заклучок дека воспитно-обазовниот кадар ќе биде и понатаму што е можно повеќе активен на сите три нивоа на професионално усовршување.

Наставниот кадар е активно ангажиран во индивидуално усовршување, второто ниво на усовршување на образовниот кадар, интерното усовршување, ќе се врши преку одржување на отворени часови, организирање на работилници во склоп на училиштето, меѓу предметна соработка и сл. Особено големо внимание ќе се обрне на посетување на семинарите и обуките од екстерното ниво ,вебинарите, (реализирани од страна на Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука и сл.).

20.2. Активности за професионален развој

Училиштето ќе организира најразлични работилници, обуки и семинари кои ќе понудат активности со цел стручно усовршување на наставниците и стручната служба.

За таа цел, пред организирање на горе наведените активности, се изготвуваат акциони планови од страна на тимот за професионален развој на наставниците. По спроведување на испланираните активности се спроведува дисеминација од претходно проследени семинари или проекти и се поднесуваат извештаи за истите. Составен дел од овој процес е и спроведувањето на самоевалуација од чии резултати се согледуваат потребите и приоритетите за понатамошни активности за стручно усовршување и професионален развој на наставниот кадар.Наставникот - ментор често не себично ги обновува обуките повеќе пати за Професионален развој на новите вработени наставници ,помагајќи им со соодветна литература,испраќајќи електронски потребни материјали.Сите работејќи како тим за поквалитетна воспитно-образовна работа и успех на учениците. Активностите за професионален развој освен од личниот интерес и потребите на самиот наставник, зависат и од потребите на самото училиште и понудите од БРО, МОН и други невладини организации кои работат на проекти од образованието.

20.3. Личен професионален развој

Примарна цел на професионалниот развој е мотивацијата на наставниот и стручниот кадар. Со зголемување на мотовираност кај наставниците и со извршен професионален развој се создава услов за поуспешна и поефикасна настава.

Меѓу другото, тука се вбројуваат и:

- Посетата на обуки. вебинари.работилници,семинари. Конференции.
- Средби на просветни работници за едукација од регионален или државен карактер
- Следење на пишани и објавени текстови и статии во стручна литература.

Поединечното усовршување на образовниот кадар во училиштето се следи преку посебно изготвени критериуми и инструменти. Врз основа на овие сознанија подоцна се врши и вреднување на професионалниот развој на целокупониот наставен кадар како и на индивидуално ниво.

20.4. Хоризонтално учење

Хоризонталното учење подразбира соработка помеѓу наставниците и пренесување на новостекнати знаења.Посетата на наставниците на разни семинари за нивен професионален разво подразбира и споделување на искуствата и знаењата стекнати на тие семинари ,како и наставникот -ментор кој добива информации и посетува обуки,работилници ,конференции и семинари секогаш споделува ,информира ,дава помош за сите потреби на наставниците и ,,пречки,,кои наидуваат во воспитно образовниот процес

Овој тип на професионален развој (хоризонтално учење) училиштето го извршува преку дисеминација, работилници,со физичко присаство или електронски .Се реализираат отворени часови. За таа цел училиштето ќе изготвува акциони планови со цел организирање на активностите и определување на нивните реализатори, времето на реализација, начинот на следење како и очекуваните резултати и исходи.

Активности преку кои ќе биде спроведувани како начини на хоризонтално учење:

- Прибирање и разгледување на информации за можноста за професионален развој на национално ниво: - информации за семинари и други активности за професионален развој во кои може да учествуваат просветни работници; - информации за акредитирани програми за стручно усовршување на наставниците; - поврзување со други училишта; - информирање за тоа што одредени невладини и меѓународни организации планираат за одреден период.
- Совети – поддршка на барање на наставниците или врз основа на следењето на наставниот процес: советување на наставниците за различните видови на професионален саморазвој; - поддршка на наставниците кои имаат потешкотии во работата.
- Формирање на интересни групи од различни области, во кои би работеле повеќе личности кои имаат заеднички интереси.
- Организирање на дебати, панел дискусии, презентации и слично, на кои ќе се разгледуваат теми од образованието, во училиштето или во соработка со другите училишта од општината.
- Организирање на интерни работилници за сите наставници или за наставници кои предаваат ист предмет од повеќе училишта на теми како што се организација на работата во училницата, современи наставни форми и методи, корелација и интеграција на наставни предмети и сл.
- Јавни (нагледни) часови, на кои ќе бидат презентирани интерактивни методи на работа, примена на ИКТ во наставата, формативно оценување, индивидуална поддршка на учениците.
- Менторирање на наставниците приправници. Поддржување на индивидуалното учење (процес преку кој наставникот со поддршка на колегите се развива и ја подобрува својата работа).

Носители на сите овие активности ќе бидат наставниците, стручната служба,наставникот- ментор на училиштето и директорот ,помошникот директор на училиштето, а истите ќе се спроведуваат во текот на целата наставна 2026-2027 година.

20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Во нашето училиште, тимската работа е силна страна на училиштето. Истата ќе продолжи и понатаму да се гради и надоградува преку повеќе форми на активности: соработка во рамките на активите, поттикнување на почитување и флексибилност преку индивидуални и групни средби со вработените, учениците и родителите, како и редовно потсетување на кодексот на однесување и постоечките правилници во училиштето.

21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

Градењето на партнерски однос помеѓу училиштето и родителите/старателите базиран на меѓусебна доверба, транспарентност и заедничка цел директно придонесува за подобри академски резултати и за психофизичката благосостојба на учениците.

21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Оваа точка се однесува на институционалното, организациското и советодавното учество на родителите во училишната заедница.

Училишен одбор и Совет на родители: Активно учество на претставниците на родителите во носењето одлуки, креирањето и усвојувањето на годишната програма за работа, како и во решавањето на тековни предизвици.

Организација на настани: Заедничко планирање и реализација на училишни приредби, хуманитарни базари, спортски натпревари и одбележување на патрониот празник.

Креирање училишни политики: Вклучување на родителите во изработката на училишниот куќен ред, кодексите на однесување, протоколите за безбедност и програмите за спречување на врсничко насилство (булинг).

Отворени денови: Редовна и транспарентна комуникација со наставниот кадар, директорот и стручната служба преку формални и неформални средби за подобрување на целокупната училишна клима.

21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Овде фокусот е ставен на директната поддршка на семејството во воспитно-образовниот пат на детето, како во училницата, така и надвор од неа.

Родител – гостин-предавач: Вклучување на родителите во наставата преку презентирање на нивната професија, хоби или специфични вештини (на пр., родител-доктор на час по биологија, родител-уметник на час по ликовно).

Поддршка во воннаставните активности: Учество или менторирање во различни училишни секции, еко-акции, уредување на училишниот двор, драмски претстави или водење креативни работилници.

Екскурзии и теренска настава: Придружба, логистичка помош и грижа за безбедноста на учениците при посети на музеи, културни установи, фабрики или за време на еднодневни излети.

Континуирана поддршка дома: Охрабрување на ученикот, следење на неговиот напредок преку е-дневник, помош при развивање на работни навики (без преземање на обврските на детето) и редовна комуникација со одделенскиот раководител.

21.3. Едукација на родителите/старателите

Училиштето има важна советодавна улога, нудејќи им на родителите стручна поддршка за полесно справување со предизвиците на модерното родителство.

Тематски родителски средби: Организирање предавања водени од стручната служба на училиштето (педагог, психолог, дефектолог) на актуелни теми како: развојни фази и пубертет, безбедност на интернет, препознавање и справување со насилство, правилна исхрана.

Работилници за позитивно родителство: Интерактивни сесии каде што родителите можат да разменат искуства и да научат нови техники за мотивација, поставување граници и градење самодоверба кај децата.

Информативни ресурси: Подготовка и дистрибуција на едукативни брошури, дигитални билтени или прирачници со совети за менталното здравје и правилниот развој на учениците.

Индивидуално советодавно работење: Обезбедување безбеден и доверлив простор каде што родителите можат индивидуално да се консултираат со стручните соработници при специфични потешкотии во учењето, однесувањето или социјализацијата на нивното дете.

22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Современото училиште е отворен систем кој активно гради партнерства. Нашата комуникација со јавноста има за цел градење на позитивен имиџ, транспарентност и промоција на постигнувањата на учениците и наставниот кадар преку веб-страната на училиштето, социјалните мрежи и локалните медиуми.

- **Соработка со институции од областа на образованието и државната управа**

Континуираната соработка со релевантните институции е насочена кон унапредување на образовниот процес и почитување на законските регулативи:

Институции: БРО, МОН, Општина Тетово (Сектор за образование), ДИЦ и Државен просветен инспекторат.

Цел: Непречено одвивање на наставата, размена на информации, известување и стручно усовршување.

Образовна хоризонтала: Соработка со локалните градинки (за подготвителна настава) и факултетите (за практикантска работа и семинари).

Вмрежување: Соработка со други основни училишта во Општина Тетово и пошироко, со акцент на партнерството со ООУ „Гоце Делчев“ (МИО – Меѓуетничка интеграција во образованието) преку заеднички работилници, квизови и спортски активности.

- **Соработка со локалната заедница и бизнис секторот**

Училиштето е центар на локалниот развој. Соработката се остварува преку:

Локална самоуправа и бизнис заедница: Заеднички проекти, еколошки акции и уредување на училишниот простор.

Форми на работа: Организирање дебати, трибини, собири и посети на компании, со цел учениците да се запознаат со реалниот сектор и потребите на пазарот на труд.

Културен живот: Посета на театарски претстави, изложби и културно-историски споменици согласно наставните програми и возраста на учениците.

- **Социјална заштита и поддршка**

Со цел заштита на најдобриот интерес на ученикот, училиштето активно соработува со Центарот за социјални грижи. Фокусот е ставен на:

- Превенција и надминување на тешкотиите кај ученици од дисфункционални семејства.
- Поддршка при надминување на проблеми со неприфатливо однесување, преку заеднички мултидисциплинарен пристап (педагог, психолог, социјален работник).

- **Промовирање на вредностите**

Основните цели на овие активности се:

Другарување и соживот: Поттикнување на мултикултурна соработка (Проект за мултикултурна соработка).

Видливост: Презентација на постигнувањата пред поширокота јавност преку дигитални канали и јавни настани.

Транспарентност: Информирање на родителите и локалното население за сите проектни активности и резултати.

- **Институции за образование и надзор:** БРО, МОН, Сектор за основно образование, Општински и просветен инспекторат.
- **Локална заедница и институции:** Собрание на општина Тетово, Бизнис заедница, Здравствени установи, Културни установи.

- **Партнери и организации:** USAID, Невладини организации.
- **Училишна заедница:** Совет на родители, Училишен одбор.
- **Образовни институции:** Други основни, средни и приватни училишта.
- **Јавност:** Медиуми.

23.Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

- **Механизми и начини на следење**

Следењето на ГПР е континуиран процес кој се одвива преку неколку нивоа:

Интерно следење (самоевиденција): Секој наставник и стручен соработник води евиденција за реализацијата на своите планирани обврски (дневни подготвки, извештаи од проекти, записи во педагошката документација).

Увид од раководството (директорот): Директорот, како одговорно лице, врши увид преку присуство на часови, преглед на педагошката документација (електронски дневник, планови) и координативни состаноци.

Следење преку стручните органи: Стручниот актив, наставничкиот совет и советот на родители разгледуваат специфични сегменти од програмата кои се во нивна надлежност.

- **Инструменти за следење**

За систематизиран пристап се користат следниве алатки:

Динамички план на реализација: Tabelaren преглед каде се означува статусот на секоја активност (реализирано, во тек, одложено/нереализирано).

- **Периодични извештаи:**

Полугодишен извештај: Анализа на реализацијата во првото полугодие.

Годишен извештај: Сеопфатна анализа на крајот од учебната година.

Контролни листи (Check-lists): За следење на конкретни настани или проекти (на пр. организација на училишни приредби, спроведување на тестирања).

Анкети и прашалници: За собирање повратни информации од учениците, наставниците и родителите за квалитетот на реализираните активности.

- **Фази на процесот**

Планирање на мониторингот: Дефинирање на критериуми и показатели (индикатори) за успех уште при креирањето на годишната програма.

Собирање на податоци: Редовно евидентирање на реализацијата во текот на учебната година.

Анализа на податоците: Споредување на планираното со остварено.

Корективни мерки: Доколку се забележат отстапувања, се преземаат мерки за прилагодување или дополнителна поддршка за да се достигнат целите.

- **Кој е вклучен?**

Директор: Координатор на целиот процес.

Стручна служба (педагог/психолог): Следење на воспитната работа, инклузијата и педагошките стандарди.

Наставници: Одговорни за реализација на наставниот план и дополнителните училишни активности.

Училиштен одбор: Го усвојува годишниот извештај за работа, врз основа на претходно следената имплементација.

Важна напомена: Успешното следење не треба да се сфати како „контрола за казнување“, туку како алатка за поддршка. Целта е навреме да се идентификуваат предизвиците и да се обезбеди квалитетно образование за сите ученици.

Табела: Планирани приоритетни подрачја за следење

Приоритетно подрачје за следење	Начин и време на следење	Одговорни лица	Информирани страни
1. Промовирање воннаставни активности (ментално здравје и превенција на врсничко насилство)	Континуирано, во текот на целата учебна година	Директор, наставници, стручни соработници	Директор, стручна служба, одговорни лица на тимови
2. Поттикнување критичко мислење и решавање проблеми (преку наставни задачи)	Континуирано, во текот на целата учебна година	Директор, наставници, стручни соработници	Директор, стручна служба, одговорни лица на тимови
3. Збогатување на училишната библиотека (слободна и стручна литература)	Континуирано, во текот на целата учебна година	Директор, наставници	Директор, одговорни лица на тимови

24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Активности на тимовите	Временска рамка	Начин на спроведување (ресурси)	Инструменти	Очекувани резултати	Одговорно лице
Детска организација	IX-VI	Работилници, секции, анкети, материјали за креативни активности.	Годишна програма, записници, анкети.	Поттикнување на креативноста и социјализацијата на учениците преку заеднички активности.	Директор, стручна служба
Тим за естетско уредување	IX-VI	Планирање, набавка на декоративни материјали, доброволни акции.	План за уредување, фотографии (пред/по).	Создавање пријатен, уреден и инспиративен училишен амбиент.	Директор, пом. директор
Ученичко-училишна заедница	IX-VI	Редовни состаноци, демократско гласање, дебати, форуми.	Статут, записници од состаноци, предлог-кутии.	Активно вклучување на учениците во носењето одлуки и развивање демократска свест.	Педагог, психолог
Стручен актив (одд. настава)	IX-VI	Состаноци, отворени часови, размена на дигитални материјали.	План за работа, обрасци за посета на часови.	Подобрување на квалитетот на наставата преку размена на искуства и добра пракса.	Наставник-ментор, дир.
Тим за ученички екскурзии	IX-VI	Планирање рути, логистичка поддршка, безбедносни протоколи, соработка со агенции.	Програми, согласности, патни налози, извештаи.	Успешна реализација на едукативни и рекреативни посети безбедни за учениците.	Директор, пом. директор
Еко тим	IX-VI	Еко-акции, рециклирање, уредување зеленило, едукативни материјали.	Еко-календар, чек-листи за чистота.	Подигнување на еколошката свест и одржување на здрава животна средина во училиштето.	Педагог, наставник-ментор
Тим за следење на планирањето	IX-VI	Увид во дневни подготвки, е-дневник, интерни извештаи.	Динамички планови, е-дневник, контролни листи.	Потполна реализација на планираните воспитно-образовни задачи во текот на годината.	Наставник-ментор, дир.
Тим за примена на обуки	IX-VI	Презентации, практична примена, менторство, дисеминација на материјали.	Прашалници за евалуација, извештаи од дисеминација.	Трансфер на знаењата од семинарите во непосредната наставна практика.	Наставник-ментор, пед.
Програма за надарени ученици	IX-VI	Индивидуализирани задачи, истражувачки проекти, натпревари.	Евиденција на постигнувања, портфолија.	Навремено препознавање и поттикнување на индивидуалниот потенцијал и таленти.	Психолог, педагог, дефектолог
Тим за додатна настава	IX-VI	Збогатени наставни ливчиња, групни консултации, дигитални алатки.	Дневници за дополнителна работа, тестови на знаење.	Намалување на разликите во знаењата и постигнувања на учениците.	Наставник-ментор, пед.
Тим за соработка со родители	IX-VI	Родителски средби, е-комуникација, заеднички настани.	Книга за средби, електронски извештаи.	Градење партнерство и доверба меѓу училиштето и домот за успех на учениците.	Директор, психолог

Тим за професионален развој	IX-VI	Семинари, вебинари, литература, вмрежување.	Сертификати, е-портфолио, извештаи.	Постојано усовршување на компетенциите на наставниот кадар.	Наставник-ментор, дир.
Тим за инклузија	IX-VI	Индивидуални образовни планови (ИОП), прилагодена средина, стручна помош.	ИОП документи, досиеа за ученици.	Овозможување еднакви услови за развој на сите ученици, вклучувајќи ги и оние со посебни потреби.	Психолог, педагог, дефектолог
Тим за меѓуетничка интеграција	IX-VI	Заеднички часови, културни манифестации, квизови, спортски активности.	Проекти, извештаи од заеднички активности.	Развивање на соживотот, толеранцијата и мултикултурното разбирање.	Директор, педагог, дефектолог
Тим за превенција од насилство	IX-VI	Превентивни работилници, советување, пријавување, безбедносни протоколи.	Протоколи, анкети, евиденција за инциденти.	Создавање безбедна училишна средина со нулта толеранција кон булинг.	Психолог, директор
Тим за следење на оценувањето	IX-VI	Анализа на критериуми, тестирања, формативно оценување, увид во евиденција.	Скали за оценување, рубрики, тестови.	Примена на објективно, транспарентно и формативно оценување на учениците.	Наставник-ментор, дир.
Тим за педагошка документација	IX-VI	Прирачници, електронски обрасци, контрола на административни записи.	Педагошки дневници, е-обрасци.	Ажурно, точно и законски усогласено водење на училишната документација.	Наставник-ментор, пед.

25. Заклучок

Ние сме современо и ефективно училиште, лидер во општината и во регионот кое ја негува својата култура и традиција, почитувајќи традициите на други култури и народи. Го поттикнуваме емоционалниот и социјалниот развој на учениците почитувајќи ги индивидуалните карактеристики на учениците, етничката припадност и родовата еднаквост. Нашето училиште го поддржува професионалниот развој на наставниците притоа обезбедувајќи задоволство и ефективност на сите вклучени во воспитно-образовниот процес. Овде учениците ќе стекнуваат квалитетни и трајни знаења, кои ќе ги применуваат во понатамошното школување и ќе придонесат за нивниот личен развој. Продолжуваме со предизвикот за учење каде применуваме современи приоди, а вработените активно ќе се вклучат во реализацијата.

Преку реализцијата на образовниот и воспитниот процес, ќе се грижиме за задоволување и развивање на индивидуалните интереси и способности на учениците, вклучувајќи ги во работата на секциите, спортските клубови кои ги нуди училиштето и другите воннаставни активности.

Со тоа ќе ја поттикнуваме и заедничката работа која придонесува за развивање на меѓусебна доверба и дружење на учениците во слободното време.

Според афинитетите и способностите нашите ученици активно ќе учествуваат во сите натпревари кои ќе бидат организирани од страна на општината, градот, други училишта, невладини организации како и во рамките на самото училиште, тековно од страна на наставниците како ментори. Со тоа ќе го развиваме натпреварувачкиот дух, кој ќе придонесе за зближување на учениците од разни средини. Преку натпреварите се развива и се продлабочува интересот на учениците, се воспоставува активен однос кон наставата, се продлабочуваат и се прошируваат ученичките знаења. Родителите ќе бидат вклучени во процесот на учење со тоа што ќе бидат информирани за наставниот план и програма со посочување линкови до истите, а за наставниот процес ќе ги информираме преку: Советот на родители, групни и индивидуални средби со наставници, преку стручната служба на училиштето и преку Е-дневникот.

Учеството на родителите во процесот на учење ќе биде насочено кон давање помош при изработка на нагледни средства и дидактички материјали за покреативно изведување на наставата, во давање на предлози во однос на учество на разни манифестации (продажни, изложбени и собирни акции во училиштето) како помошници во изработка на производи зависно од темата, промоции, како и посета на одредени институции и објекти кои се тесно поврзани со Наставниот план и програми.

Како членови на органите на училиштето активно ќе учествуваат во давање предлози за донесувањето одлуки во врска со изведување екскурзии, топол оброк и ужинка за учениците, опременост на училиштето, организирање презентации,трибини на теми интересни за учениците и родителите, уредување на училишниот простор и сл. Училиштето ќе ја продолжи успешната соработка со локалната средина, општината, меѓународните организации, невладините организации преку разни проекти, хуманитарни акции и разни други активности.

Ќе останеме секогаш транспарентни во нашето работење и отворени за соработка, постојано надополнувајќи го триаголникот наставник-ученик-родител без кој и не може да се замисли успешното функционирање на едно училиште.

26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

Тим кој учествувал во подготовка

- Директор - Фарије Касами Идризи
- Помошник директор – Виолета Трајкоска
- Педагог - Ермира Асани
- Психолог- Елвира Шаќири
- Наставник по информатика – ЕСАРУ администратор -Теута Јашари
- Одделенски наставник- Мирсада Идризи
- Одделенски наставник- Радица Ацевска
- Одделенски наставник- Ферија Муртезани
- Предметен наставник: Маја Столевска
- Претставник од ученички парламент- Деа Зенуни

Директор: Фарије Идризи Касами

_____

Претседател на училишен одбор Флориан Несими

_____

Датум мп

27. Користена литература

За изработка на годишната програма ги користевме следниве документи:

- Програма за работа на училиштето од минатата учебна година
- Извештај за работа на училиштето за учебна 2025/2026
- Развојна програма на училиштето за периодот 2024-2028
- Законот за основно образование
- Податоци од наставен кадар

ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

ПРИЛОГ БР.1

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ
при ООУ“ Лирија”- Тетово уч.2026-2027 год.

Во согласност со Законот за основно образование, и сите други закони и правилници поврзани со работата на основните училишта како и според задачите предвидени со Наставниот план и програма изработена е програмата за работа на директорот во учебната 2026/2027 година. Програмата утврдува реализација на задачи од следниве подрачја: планирање и програмирање на воспитно-образовната работа; организација на работата во училиштето; советодавна - консултативна работа со наставниците и стручните служби; аналитичко - истражувачка работа; проверка и анализа на педагошка - евиденција и документација; стручно усовршување на наставниците и стручните соработници и.т.н.

Работата на директорот да е насочена кон унапредување на сите сегменти на работа и остварување на целите и задачите на воспитанието и образованието. Директорот ја организира воспитно-образовната работа во училиштето.

Во рамките на оваа подрачје директорот се јавува како организатор и иницијатор на целокупната работа во училиштето. Како орган на раководење ги спроведува насоките и одлуките што ги донесуваат органите на управување (Училишен одбор, стручни органи, Наставнички и одделенски совет, одделенски раководители, стручни активи).

Реализацијата на програмата за работа на директорот се базира на следните подрачја: грижа за финансиско работење, застапување на училиштето, учество во изготвување извештаи, координирање на работата на органите, следење и анализа на наставата, учество и следење на проритетни цели на училиштето, анализа и планирање, работа и соработка со локалната заедница.

Работата на директорот на училиштето ќе се реализира во рамките на шест програмски подрачја, а тие се:

- Планирање и програмирање
- Организирање
- Раководење
- Евалвација и истражување
- Педагошко-инструктивната работа
- Други работи и работни задачи.

ПЛАНИРАЊЕ И ПРОГРАМИРАЊЕ

Содржина	Време на реализација	Забелешки
Завршување на Годишниот извештај за учебната 2026/2027 година	Август	Во соработка со сите структури во училиштето
Анализа на постигнувањата од претходната учебна година		Во соработка со комисијата и педагогот.
Изработка на Годишната програма за воспитно образовната работа на училиштето во 2026/2027 година, поставување на приоритети, цели, активности за оваа учебна година		Добиените сознанија од целокупната работа на училиштето, извршениот инспекциски надзор извршен во Мај 2024 година, Распоредите за часови и дежурства во соработка со назначените наставници.
Организација за запишување на деца во прво одделение, кои останале незапишани во Мај месец. Подготовка за седница на Наставничкиот совет. Изготвување на распоред на училиштето и распоред на дежурни наставници.	Август Септември	Во соработка со комисијата и со сите структури во училиштето
Изработка на програма за работа на Наставничкиот совет и програмата за работа на одделенскиот совет. Соработка - консултации со БРО - Тетово и локалната самоуправа - Брвеница	Август	Во соработка со педагогот и Наставнички Совет
Изработка на програмата за работа на директорот на училиштето	Август	Директор
Свечен прием на децата во прво одделение. Планирање на стручно усовршување на наставниот кадар.	Септември	Тим од наставници приготвува програма за професионален развој на наставниците со психологот, дефектолог и педагогот
Распределба на часовите, формирање на паралелки за прво одделение, и други задолженија на наставниот кадар.	Јули-август	Во соработка со педагогот, комисија за упис во прво одделение, наставници
План за уредување на училиштето и училишниот двор. План за финансиско работење и план за јавни набавки. Листа на приоритети за набавка на нагледни средства, стручна литература и други материјали во учебната година. Листа на приоритети за набавка на потребни хигиенско технички средства и други материјали.	Август Септември	Во соработка со општината и вработените во училиштето, Училишниот одбор, Советот на родители Училишен одбор, сметководител, наставник - ментор. Наставници, стручна служба, стручни активи. Економ, хаусмајстор, технички персонал
Координирање на активностите на менаџерскиот и развојниот тим	Јули	Во соработка со наставниците и Тимот за развојно планирање во училиштето

ОРГАНИЗИРАЊЕ

Содржина	Време на реализација	Забелешки
Организирање на активностите по повод обележување на патронатот на училиштето, и сите други активности од општествено хуманитарен, натпреварувачки, забавен и ревијален карактер	Октомври Цела наставна година	Во соработка со тимот за културно забавен живот
Организирање на работата на стручните активи	Август - Септември	Доколку има потреба директорот или з.директорот ќе интервенира во организацијата
Определување на распоред на работата: распоред на часови за наставата, додатна и дополнителна настава и воннаставните активности и другите активности	Септември	Во соработка со наставникот задолжен за изработка на распоредот на часовите и стручните соработници, комисии и тимови во училиштето
Организирање на материјалното, финансиското и административно-техничкото работење на училиштето	Во текот на целата година	Во соработка со администрација и сметководителот на училиштето
Организирање на процес на евалуација и следење на поставените цели од развојното планирање за оваа година	Периодично	Во соработка со педагогот и психологот, координаторите за самоевалуација, тимот за развојно планирање

РАКОВОДЕЊЕ

Содржина	Време на реализација	Забелешки
Донесување кадровски решенија и одлуки	Септември 2026 - јуни 2027	По потреба во текот на целата г.
Екипирање на тимовите и воспоставување на хиерархија на односите во раководењето	Септември - октомври	
Донесување одлуки во врска со инфраструктурни зафати	Во текот на целата година	
Донесување одлуки за подобрување на внатрешен ред и дисциплина во училиштето	Септември и во текот на годината	Тим за училишна клима, Тим за дисциплина
Донесување на нови решенија за систем на внатрешно стимулирање, наградување и казнување	Во текот на целата година	Комисија за награди и казни, УО, Совет на родители
Донесување одлуки во однос на секојдневно работење и функционирање на училиштето	Во текот на целата година	Со вработените и сите органи во училиштето
Планирање, реализација и раководење со одделенскиот и наставничкиот совет	Во текот на целата година	Педагог

ЕВАЛУАЦИЈА И ИСТРАЖУВАЊЕ

Содржина	Време на реализација	Забелешки
Преглед и анализа на годишните глобални и тематските планови за работа на наставниците, додатна, дополнителна, мултикултурализам, ИКТ, слободни активности, еко содржини	Септември (тематските планови ќе се разгледуваат во текот на годината)	Во соработка со педагог и наставниците
Преглед и анализа на годишните планови за работа на стручните соработници	Септември	
Преглед и анализа на дневни подготовки на наставниците според планот за евалвација на подготовките	Во текот на наставната година	Во соработка со педагог и председателите на стручните активи
Следење на задолжителната, изборната, дополнителната и додатната настава и слободните ученички активности	Во текот на наставната година	Во соработка со педагог и председателите на стручните активи
Следење на работата на административно-техничкиот персонал	Секојдневно	Во соработка со вработените
Следење на редовноста и дежурствата на вработените	Секојдневно	
Следење на реализација на годишната програма (сите подрачја и програмски содржини)	Секојдневно	
Следење на примена на различни модели и техники на учење во наставата	Во текот на наставната година	Тим за професионален развој на наставниците
Следење на примена на компјутерска и друга современа технологија во наставата	Во текот на наставната година	Во соработка со педагогот
Следење на оценувањето	Според програмите за работа на стручните активи	Методи, техники, тестови и други видови оценување, Тим за оценување
Следење на педагошката евиденција и документација според програмите за работа на стручните активи	Еднаш месечно	Во соработка со педагогот
Следење на стручно усовршување на наставниот кадар	Во текот на учебната година	Тим за професионален развој на наставниците
Следење на работа на Одделенските раководители	Во текот на Наставната година	Ќе се следи реализација на плановите на работа, Стручни соработници
Анализи на успехот и поведение, реализација на наставните планови	На крај од секој класификационен период	Преку извештаи и анализи и Годишен извештај за работа
Следење на работа на Комисиите и тимовите	Во текот на учебната година	

ПЕДАГОШКО-ИНСТРУКТИВНА РАБОТА

Содржина	Време на реализација	Забелешки
Индивидуална педагошко-инструктивна работа со наставниците и наставниците почетници	Во текот на целата наставна година	Конкретна стручна помош за надминување на секојдневни проблеми и слабости

Соработка со учениците и нивните организации	Преку целата година	
Соработка со локалната самоуправа, родители, МОН, БРО, ДИЦ, невладини организации, медиуми	Преку целата година	
Стручно предавање за членовите на Наставничкиот совет на тема: Ученици со посебни потреби	Февруари	
Аналитичко - студиска работа	Јануари	Педагог
Стручно предавање: Форми и техники во наставата	Декември	БРО, педагог, наставници
Запознавање на вработените со законски акти, правилници, кодексот, систематизацијата и други правни акти	Преку целата година	Во соработка со секретарот на училиштето
Увид во годишните и тематските планирања за работата на наставниците	Преку целата година	Педагог
Преглед на матичните книги и одделенските дневници	Преку целата година	Комисија за проверка на дневници и главни книги
Посета и евиденција за посетените часови	Преку целата година	Стручни активи

ДРУГИ РАБОТИ И РАБОТНИ ЗАДАЧИ

Содржина	Време на реализација	Забелешки
Учество во работата на Училишниот одбор	Континуирано	
Соработка со Советот на родителите	Во текот на целата година	
Соработка со локалната средина	Во текот на целата година	Соработка со медиумите, месната заедница и други инст.
Соработка со други училишта	Според интересот на двете страни	Збратимување и сл.
Грижа за законското работење на училиштето при јавни набавки, организирање на екскурзии и сл.	Континуирано	
Проектни активности за претставување и афирмирање на училиштето	Континуирано	Изготвување на проекти
Работа со ученици	Работа со ученици (индивидуално и на одделенски часови)	Во соработка со наставниците

Месец	Активности / Содржина
Август	* Состаноци на стручни активи, план за работа * Контрола на просторните услови * Увид во работата на активите * Увид во работата на техничкиот персонал
Септември	* Одржување на Наставнички совети * Состанок со УО * Обезбедување огрев и нафта за училиштата * Соработка со локална самоуправа, БРО, ДПИ и МОН * Свечен прием на првачињата

	* Прослава на 8ми Септември * Состанок со родителските заедници * Набавка на материјални и технички средства
Октомври	* Увид во Годишните програми за првите одделенија * Увид во работата на секретарот и сметководителот * Посета на час во вторите одделенија * Посета на час во предметна настава * Контрола на спортските објекти * Контрола на училишните дворни површини * Посета на час во одд. настава * Посета на час во специјалните пар.
Ноември	* Подготовка за прослава на 11ти Октомври * Посета на час во предметна настава * Посета на час трето одд. * Контрола на објектите * Консултација со БРО * Соработка со општината * Посета на час по странски јазик во предметна настава * Подготовки за одбележување на Денот на Албанската азбука и Албанското знаме * Посета на час во третите и петтите одд.
Декември	* Проверка на дисциплината кај учениците * Собирање податоци за успехот кај учениците * Состанок за успех на првото тромесечие * Посета на час по Иновации, Граѓанска култура и Физичко образование * Размена на искуства со други директори * Увид во работата на техничката служба и наставници почетници * Посета на час во Албански паралелки * Подготовка за наставнички колегиум
Јануари	* Увид во работата со родителите и стручната служба (педагог, психолог) * Грижа за здравјето на учениците * Посета на час во Македонски и Албански паралелки * Проверка на состојба со огревно дрво и нафта * Организација и реализација на одделенски совети за крај на прво полугодие * Консултативни разговори со БРО и ДПИ * Увид во педагошка евиденција, администрација, технички персонал, секретар и сметководител
Февруари	* Увид во работата на пописната комисија и хигиеничарите * Увид во работата на Стручните активи во предметна и одделенска настава * Индивидуални средби со родители и бизнис сектор од локална средина * Проверка на Одделенските дневници и Евидентните листови * Увид во работата на библиотеката * Посета на час во предметна настава
Март	* Посета на час по Англиски јазик (на албански и македонски наставен јазик) * Поддршка на наставниците почетници * Соработка со родителите и локалната самоуправа * Работа со талентирани ученици * Подготовка за одбележување на патронен празник * Увид во терените за Физичко образование, спортската сала и кабинетите
Април	* Посета за подготовките и одржување на приредба за патрониот празник * Посета на час во првите одделенија * Следење на додатна и дополнителна настава * Увид во работата на сметководител, секретар, хаусмајстор, хигиеничари

	* Утврдување на состојбата со зеленилото во училишниот двор * Посета на час по Ликовно образование и следење на стручни активи * Увид во педагошка евиденција, електронски дневник и работа на економот
Мај	* Следење на работата на стручните активи * Посета на родителски состанок и часови во предметна настава (вклучувајќи изборни предмети) * Увид во работата на техничка служба (хигиеничари) * Соработка со БРО, ДПИ и родители * Почеток за упис на првачиња за следната учебна година * Посета на час по природни науки и увид во училишната библиотека
Јуни	* Информирање на родителите за упис на деветоодделенците во средните училишта * Посета на час по избор и излетничко место * Организирање на свечено сликање на деветоодделенците * Увид во работата на хигиеничарите * Подготовка и организирање на училишни извештаи * Изготвување распоред за продолжителна настава и обезбедување сведителства * Организирање на наставнички совет, анализа на успех и усвојување на годишен извештај * Организирање годишни одмори и распоред на технички кадар за време на летен распуст

Директорот ќе обавува и други работи кои се во неговиот домен во склад со нормално одвивање на воспитно образовниот процес и сите потреби на наставниците , учениците и целокупниот живот во училиштето.

Директор: Фарије Идризи Касами

ПРИЛОГ БР.2

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПОМ.ДИРЕКТОР ЗА УЧЕБНА 2026/2027

Годишна програма за работа на пом директорор ги опфаќа следните подрачја:
Административно –организаторска работа
Програмски документи
Педагошко инструктивна работа
Аналитичко истражувачка работа

Административно –организаторска работа

СОДРЖИНА НА АКТИВНОСТА	ЦЕЛ НА АКТИВНОСТА	НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА	ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА	РЕАЛИЗАТОР
Учество во изготвување на план за работна ангажираност на наставниот кадар по предмети ,часови и одд.раководители	Навремена подготовка за успешен почеток на новата учебна година	Состаноци Тимска работа	Август - септември	Директор ,пом..директор стручна служба
Организација за спроведување обуки за потребите на наставниците	Навремено информирање на наставниците со цел да им се обезбедат услови за професионален развој	Соопштенија Тимска работа	Септември	Директор ,пом. директор стручна служба
Учество во изготвување на распоредот за наставниците и за дежурни наставници	Дежурство на наставниците со цел да се обезбеди поголем ред и дисциплина	Соопштенија Тимска работа	Септември-јуни	Директор ,пом. директор
СЕКОЈА ЛИЧНОСТ КОЈА ИМА СОЗНАНИЈА ЗА НАСИЛСТВО, ЗЛОУПОТРЕБА И ЗАНЕМАРУВАЊЕ Е ДОЛЖНА ДА РЕАГИРА

Чекори - редослед во постапките во интервенцијата Чекорите се прикажани во однос на следните ситуации

- **Во случаите на насилство или сомнеж дека насилството се случува**

ПОМЕЃУ УЧЕНИЦИТЕ;

- **Во случаите кога ученикот е изложен на насилство или постои сомнеж за насилство од**

страна на ВОЗРАСНА

личност ВРАБОТЕНА во училиштето;

- **Во случаите кога ученикот е изложен на насилство или постои сомнеж за**

насилство од

страна на ВОЗРАСНА

личност која НЕ Е ВРАБОТЕНА во училиштето.

1. СОЗНАНИЕ ЗА НАСИЛСТВО - ОТКРИВАЊЕ е првиот чекор за заштита на ученикот од насилство.Тоа во училиштето најчесто се одвива на два начина:

- **набљудување или добивање на информација дека насилството е во тек;**
- **сомнеж дека насилството се случува врз основа на:**
- **идентификација на надворешни знаци,или специфично однесување на ученикот и семејството или**
- **доверување, непосредно од страна на самиот ученик и/или од страна на трета личност (врсник, родител, старат**

2. ПРЕКИНУВАЊЕ,ЗАПИРАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО - секој возрасен кој има сознанија за насилство (дежурниот наставник, наставник, одделенски раководител, секој вработен во училиштето) е должен да реагира така што ќе го прекине насилството или ќе побара помош (доколку процени дека самостојно не може да го прекине насилството);

3. СМИРУВАЊЕ НА СИТУАЦИЈАТА - се подразбира обезбедување на ученикот, раздвојување, разговор со учесниците....

4. КОНСУЛТАЦИИ се остваруваат непосредно по појавата на сомнеж и/или по добиена информација за насилство. Консултациите се вршат во училиштето:

- **со колегите;**
- **со Тимот за заштита на ученикот од насилство;**
- **со директорот, педагогот, психологот;**
- **во зависност од сложеноста на ситуацијата, консултациите можат да се вршат и со служби надвор од училиштето: со ЦСР, Здравствена установа, ОВР и сл.**

Консултациите се важни за:

- **Да се разјаснат околностите и на прав начин да се анализираат фактите;**
- **Да се процени нивото/степенот на ризик;**
- **Да се направи план за заштита;**

- **Да се избегне конфузијата и да се спречат некоординираните активности, кои можат да водат до повторно насилство;**

Во консултациите треба :

• Да се даде детален, објективен опис, без оценка и интерпретација, водејќи грижа за приватноста на ученикот и другите учесници во насилството;

• Да се дефинираат улогите, задачите и одговорностите;

• Да се донесе одлука за начинот на реагирање и следење на ефектите од превземените мерки;

ВАЖНО: Во текот на консултациите со колегите во училиштето или надвор од него битно е да се почитува принципот на доверливост, како и принципот на заштита на ученикот.

По откривање на насилството и консултирањето со релевантните стручни лица или

установи, можно е во зависност од тежината, да се превземат следните активности:

• Преземање на неопходни мерки на ниво на училиште (информирање на родителите за насилството или личност од

доверба во случај на сомнеж за насилство во семејството,договор за заштита на ученикот

•По потреба се вклучуваат надлежни служби: здравствена установа, ОВР, ЦСР и сл. Поднесување на пријава на надлежни служби е обврска на директорот на училиштето. Пријавата се поднесува во

усна и писмена форма.

ВАЖНО: Во воспитно-образовните установи нема место за истрага и докажување на злоупотребата и занемарувањето.

Тие задачи се во надлежност на други служби.

УЛОГИ И ОДГОВОРНОСТИ ПРИ ПОСТАПУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА НАСИЛСТВО

Раководен кадар:

1. **Запознавање со Протоколот за постапување во случај на насилство;**

2. Избор на членови во Тимот за заштита на децата од насилство;
3. Задолжително учество во процедурата кога е во прашање насилство над учениците;
4. Поднесување на пријави до надлежни институции;
5. Следење и вреднување на преземените мерки за заштита на учениците преку постојана соработка со тимот;
Членови на тимот:
• Учествуваат во обука за заштита на учениците од насилство;
• Запознавање на учениците и родителите со Протоколот за заштита на учениците од насилство и злоупотреба;
• Ја координираат изработката и реализацијата на програмата за заштита на учениците од насилство;
• Организираат консултации во училиштето и го проценуваат нивото на ризик за безбедноста од насилство;

• Соработуваат со релевантни установи;
• Евидентирање на појава на насилство
Одделенски наставници:
***Задолжително учество во процедурата кога е во прашање насилство помеѓу учениците во училиштето или од страна на вработени (прекинување на насилството помеѓу учениците, смирување на ситуацијата, прибирање на информации, информирање на родителите, договор за заштитни мерки, следење на ефектите на преземените мерки, следење на однесувањето на потенцијалните ученици)**
***Задолжително водење на сопствена евиденција за појавата на насилство помеѓу учениците;**
***Задолжително на одделенскиот час запознавање на учениците со куќниот ред на училиштето, кодексот за однесување на учениците, како и со протоколот;**
***Разговори со учениците од паралелката и проценка на нивото на ризик од насилство над нив;**
Дежурни наставници:
***Запознавање со Протоколот и обврските за учество во интервенција;**
• Задолжително учество во процедурата кога е во прашање

насилство помеѓу учениците во училиштето или од страна на вработени (прекинување на насилството помеѓу учениците, смирување на ситуацијата, информирање на одд.раководител)

• Задолжително водење на евиденција за појава на насилство во евидентна книга на дежурните наставници;

Други вработени во училиштето:

***Запознавање со Протоколот и обврските за учество во интервенција;**

***Задолжително учество во процедурата кога е во прашање насилство помеѓу учениците во училиштето или од страна на вработени (прекинување на насилствопто помеѓу учениците, смирување на ситуацијата, информирање на одд елен скио т рако вод ител)**

Учен ици:

***Запознавање со Протоколот и обврските за учество во интервенција;**

***Дежурните ученици го известуваат дежурниот наставник за насилство меѓу учениците во училиштето;**

***Одделенската заедница го известува одделенскиот раководител, предметниот наставник во случај на насилство во паралелката.**

ПОЛИТИКА ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

ООУ “Лирија“ Тетово усвои Политика за Заштита на Децата со цел да обезбеди соодветни упатства и мерки за заштита од прекршување на правата на детето на сите нивоа за време на редовната работа на ООУ “Лирија“ Тетово . Политиката вклучува дефинирање на правата на детето на заштита од насилство и и злоупотреба, кодекс на однесување поврзан со почитување на правата на детето. Исто така, оваа политика вклучува протокол за постапување во случаеви на насилство, заедно со упатства, предлог мерки и прилози за примена во случај на злоупотреба на деца.

Оваа политика е подготвена со поддршка на Коалиција на младински организации СЕГА, во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, поддржан од Детската фондација Песталоци. Политиката е во согласност со Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, издадено од Министертството за образование и наука.

Во оваа Политика за заштита на децата, ООУ “Лирија“ Тетово се обврзува на заштита од злоупотреба, насилство и експлоатација на правата на децата, базирајќи се на релевантни меѓународни документи вклучувајќи ја и Конвенцијата за правата на детето, според која членот 19 се однесува на заштита од насилство:

Член 19

1. Државите членки ги преземаат сите соодветни законодавни, административни, социјални и образовни мерки поради заштита на детето од сите облици на физичко или ментално насилство, повреди, или злоупотреби, занемарувања или немарен однос, малтретирања, или експлоатации, вклучувајќи и сексуалната злоупотреба, додека за него се грижат родителите, законските старатели или некое друго лице на кое му е доверена грижата за детето.

2. Таквите заштитни мерки, по потреба, треба да ги опфатат ефикасните постапки за установување на социјалните програми за обезбедување и поддршка неопходна на детето и на оние на кои им е доверена грижата за детето, како и другите облици за спречување, утврдување, пријавување, проследување, истрага, постапување и следење на случаите на овде наведеното малтретирање на детето и, по потреба, обраќање до судот.

Иразите кои во овој документ се користат во граматички машки род се неутрални и се однесуваат на лицата и од машки и од женски род.

ООУ “Лирија“ Тетово нема да прифати злоупотреба на деца во било која форма и со тоа ја потврдува својата одговорност за заштита на децата од насилство во сите области на работа. Според тоа, во однос на релациите во кои се јавува злоупотреба односно насилство, оваа политика ги покрива односите помеѓу возрасен – дете, како и помеѓу дете – дете.

Според тоа, персоналот во училиштето и другите лица при контакт со децата секогаш ќе:

- ги зајакнуваат децата преку подигање на нивната свест за нивните права и преку учење за нивните права
- избегнуваат ситуации кои ги изолираат децата и каде однесувањето не може да се набљудува
- се спротивставаат на несоодветните практики и ќе ги препознаат

потенцијалните опасности кои што можат да доведат до злоупотреба на децата
- промовираат култура на отвореност каде разни прашања и проблеми треба да се дискутираат
- организираат работилници насочени кон подигање на свеста на децата за дефинирање прифатливо и неприфатливо однесување на возрасните и децата
- дискутираат отворено со децата за нивните меѓусебни контакти и односи, како и со персоналот и други лица
- дискутираат со децата за проблеми за кои тие се загрижени и ќе им објаснат како да ја изразат својата загриженост
- идентификуваат и избегнуваат дискредитирање и/или ранливи ситуации кои би довеле до обвинението
- вршат фотографирање на децата (фотографии, видеа, итн.), само кога тие се пристојни и кога децата се соодветно облечени, избегнувајќи сексуално сугестивни слики. Родителите / законските старатели и детето треба да дадат писмена дозвола за фотографирање (Прилог 7.1).

Контакт лице за политиката за заштита на децата на ООУ "Лирија" Тетово

Директорот на ООУ "Лирија" Тетово назначува Контакт лице за Политиката за заштита на децата со официјална одлука и распределба на задачи и одговорности.
Елвира Шаќири, психолог во ООУ Лирија - Тетово, е назначен/а како Контакт лице за примена на оваа Политика за заштита на децата

Контакт детали: elvira_shaqiri@yahoo.com; es609388@schools.mk

071-853-300

(044-335-583)

Тим за заштита од насилство

Училиштето исто така формира „Тим за заштита од насилство", кој ќе биде јавно достапен за сите чинители во училишниот живот. Тимот за заштита од насилство, одржува редовни (квартални, полугодишни) состаноци за координација и споделување околу училишната клима во однос на постоењето на насилство. Тимот води кратки записници од секој состанок, достапни во училишната архива.

Во продолжение, овој документ поконкретно ги дефинира типовите насилство врз деца, како и мерките за постапување во согласност со *Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување*, како и позитивните практики.

Оваа Политика ќе биде разгледана на секои 4 години или кога ќе се покаже дека е потребно дополнителни прашања/проблеми да се идентификуваат и да се решат преку оваа Политика. Следниот преглед ќе се направи во август 2028 година.

МЕСЕЧЕН ПЛАН НА РАБОТАТА НА ПСИХОЛОГОТ

АВГУСТ	
СОДРЖИНА НА РАБОТА	**СОРАБОТНИЦИ**
Насочување во изработка на Годишни планирања и програми за работа на наставниците,за одделенски и наставнички совет,како Совет на родители	**Директор, пом.директор, Психолог, Педагог**
Консултации и учество во изработкатана Годишната програма за работа на училиштето	**Директор, пом.директор, Психолог, Педагог**

СЕПТЕМВРИ	
СОДРЖИНА НА РАБОТА	**СОРАБОТНИЦИ**
Насочување во изработка на Годишни планирања и програми за работа на наставниците,за одделенски и наставнички совет,како Совет на родители	**Директор, пом.директор, Психолог, Педагог**
Навремено планирање на активностите за следење и оценување	**Директор, пом.директор, Психолог, Педагог**

Следење на околностите и условите за организирање и реализација на наставата	**Директор,** **пом.директор,** **Психолог,** **Педагог**
Образование за Животни вештини	**Одделенски наставници**
Следење на адаптацијата на првачињата во училиште	**Психолог,** **Педагог**
Инструктивно-консултативна работа со наставниците при планирање и подготовка на наставата.	**Психолог,** **Педагог,наставници**
Изготвување на месечен извештај за личната работа	**психолог**

ОКТОМВРИ	
СОДРЖИНА НА РАБОТА	**СОРАБОТНИЦИ**
Вклучување на учениците во оценувањето и самооценувањето	**Ученици** **Одделенски раководители**
Образование за Животни вештини	**Одделенски наставници**
Следење на адаптација и поддршка на учениците од 1 и 6-то одделение	**Психолог,наставници**
Изготвување на месечен извештај за личната работа	**психолог**

НОЕМВРИ	
СОДРЖИНА НА РАБОТА	**СОРАБОТНИЦИ**
Образование за Животни вештини	**Одделенски наставници**

Предавање по повод Деновите на психологијата- грижа за менталното здравје	**Ученици,наставници, стручна служба**
Учество во изработка на програма за работа со талентирани и надарени ученици	**Ученици,наставници, стручна служба**
Подготовка на инструменти за собирање податоци, обработка на податоци и подготовка на извештаи- формулари за успех(за ученици кои имаат 3 и повеќе слаби оценки, несоодветно однесување, отсуства и други податоци за учениците според временските периоди на училиште)	**Психолог Наставници**
Посета на часови	**Директор, пом.директор, Психолог, Педагог**
Изготвување извештаи по завршена посета на часови	**Директор, пом.директор, психолог**
Изготвување на месечен извештај за личната работа	**Директор, пом.директор, психолог**

ДЕКЕМВРИ	
СОДРЖИНА НА РАБОТА	**СОРАБОТНИЦИ**
Анализа на успехот на учениците кои се префрлаат од одделенска во предметна настава (V во VI одд)	**Наставници од V-то одделение** **Класни раководители од VI – то оделление**

Следење на напредокот на учениците со ИОП	**Психолог, дефектолог, директор**
Групно советување со родители/старатели на ученици со проблем во учењето, нередовни и проблематични ученици	**Психолог Класен раководител Работа во група**
Изготвување на месечен извештај за личната работа	**психолог**

ЈАНУАРИ	
СОДРЖИНА НА РАБОТА	**СОРАБОТНИЦИ**
Соработка со класните за учениците кои имаат слаби оценки,нередовност во училиште и тие што манифестираат несоодветно однесување(разговори,дискуси во група)	**Наставници,психолог**
Презентирање на извештаи и анализи за успехот, редовноста и однесувањето на учениците по завршување на класниот испит	**психолог**

ФЕВРУАРИ	
СОДРЖИНА НА РАБОТА	**СОРАБОТНИЦИ**
Предавање на тема „Булинг“ –конфликити меѓу учениците	**Стручна служба**

Подготовка на анкетниот прашалник за да се потврди дали постои насилство и во колкава мера е присутно меѓу врсниците во училиштето **- Реализација на анкетата** **- Обработка на резултати** **- Подготовка на извештајот** **- Разговори и консултации со наставниците во врска со добиените резултати**	**Психолог** **Ученици** **Класни раководители**
Предавања за професионална ориентација на учениците	**Стручна служба**
Изготвување на месечен извештај за личната работа	**психолог**

МАРТ	
СОДРЖИНА НА РАБОТА	**СОРАБОТНИЦИ**
Индивидуални и групни разговори со учениците за нивната информираност и интереси за понатамошно образование и вработување	**психолог, наставници**
Следење на часови	**директор, пом.директор, психолог**
Изготвување на евиденција на училишните обврзници во тековната година и известување на родителите за уписот и потребната документација	**Стручна служба**
Разговор со наставниците за дополнување на професионалното досие	**наставници**
Подготовка на инструменти за собирање податоци, обработка на податоци и подготовка на извештаи-формулари за успех(за ученици кои имаат 3 и повеќе слаби оценки, несоодветно однесување, отсуства и други податоци за учениците според временските периоди на училиште)	**Психолог,наставници**

Предавања за професионална ориентација на учениците	**Стручна служба**
Изготвување на месечен извештај за личната работа	**психолог**

АПРИЛ	
СОДРЖИНА НА РАБОТА	**СОРАБОТНИЦИ**
Соработка и групно советување на родители чии ученици покажуваат: слаб успех, намалено поведение и несоодветно однесување	**Психолог** **Наставници** **Родители**
Професионална ориентација на учениците- соработка со родителите при кариерното советување на учениците	**ученици,** **родители,класни раководители, стручна служба**
Советување во група на родители од ученици	
Разговор и средби (групни и индивидуални) со ученици кои имаат проблеми во учењето,однесувањето,отсутво од наставата	**ученици,** **родители,класни раководители, стручна служба**
Советодавна работа со родители чии деца манифестираат насилно однесување или се жртви на насилно однесување, имаат три и повеќе слаби оценки, нередовно ја посетуваат наставата или пројавуваат некој друг облик на несоодветно однесување	**Психолог** **Класен раководител** **Работа во група**
Изготвување на месечен извештај за личната работа	**психолог**

МАЈ	
СОДРЖИНА НА РАБОТА	**СОРАБОТНИЦИ**
Изготвување анализа-извештај по спроведено испитување на ставови за професионалната информираност и ориентација на учениците од деветто одделение	**Психолог**
Запишување на првачињата во училиштето	**Стручна служба**
Интервју со учениците за запишување во средно образование	**ученици,класни раководители, стручна служба**
Запишување на ученици во прво одделение	**Психолог , наставни ци**
Разговор со ученици	**ученици, родители,класни раководители, стручна слу**
Помош и организирање на презентации на струки и занимања. Презентирање на извештаи и анализи за успехот, редовноста и однесувањето на учениците по завршување на класификациони периоди	**Психолог**
Изготвување на месечен извештај за личната работа	**психолог**

ЈУНИ	
СОДРЖИНА НА РАБОТА	**СОРАБОТНИЦИ**
Анализа на успехот на учениците кои се префрлаат од одделенска во предметна настава (V во VI одд)	**Наставници од V-то одделение Класни раководители од VI –то оделление**

Следење на успехот, поведението и редовноста на учениците по: паралелки-одделенија, наставни предмети, пол и етничка припадност и изготвување на извештаи и анализи	**психолог, директор, помошник директор, наставници**
Учество во изготвување на годишен извештај за воспитно-образовната работа на училиштето	**психолог, наставници**
Изготвување извештај за сопствената работа	**психолог**

ПРОГРАМА ЗА ГРИЖА ЗА МЕНТАЛНОТО ЗДДРАВЈЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Цел: Осознавање на поимот ментално здравје, грижа за менталното здравје, справување со дадена сиутација и поттикнување на чувство за потреба и помош, подобрување на емоционалната интелигенција на учениците со поддршка на наставниците и родителите.

Активностите посветени на грижата за менталното здравјето на учениците ќе се реализираат во текот на учебната година, на часовите на одделенска заедница, во рамките на слободните ученички активности, работилници и други форми. Предавања и разговори на часот на одделенската заедница, со стручнате соработници, одделенските раководители и со надворешни стручни лица во врска со менталното здравје и други содржини со кои се изградува свеста кај учениците за заштита на менталнто здравјето.

АКТИВНОСТИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ				
Планирана програмска	**Цел на активнос**	**Реализатор**	**Време на реализација**	**Очекувани исходи и ефекти**

активност	та			
Реализација на психоедукативна работилница со наставниците	Унапредување на менталното здравје и добросостојба та на децата	Стручни соработници	Септември	Развивање на компетенции и вештини за работа со децата и со нивните родители, со почитување на правото на детскиот најдобар интерес
Реализација психоедукативна работилница на одделенските часови	Самоосознавање и осознавање на другиот, како и лична одговорност при вреднување на себе и	Стручни соработници и Одделенски и класни раководители	Во текот на учебната година	Развивање на способост да се доживеат и разберат мислите,намерите и емоциите на другите- емпатија и на

	другиот.			себеси.
Одбележување на Светскиот ден на Менталното здравје	Запознавање со значењето на менталното здравје	Стручни соработници	Октомври	Зајакнување на личните компетенции/индивидуа лен контекст, социјалните компетенции/социјален контекст и сензибилизирање на средината (наставници, родители и др.) за важноста на унапредување на менталното здравје и грижата за психолошката добросостојба
Стекнување на вештини за подобрување на емоционалната интелигенција	Справување со конфликтни ситуации и контролирање на свои те емоции	Стручни соработници	Ноември / Демеквр и	Справување и соочување со своите емоции во проблемска ситуацијаи прифаќање на негативни и позитивни чувства

Реализација на психоедукативна работилница со родителите на учениците	Унапредување на менталното здравје и добросостојба та на децата	Стручни соработници	Февруари/ Март	Грижата за менталното здравје во семеен контекст нивното влијание врз вопитувањето на децата и справување со чувствата како родител кога нивното дете ќе се најде во проблемска ситуација.

Унапредување на пихолошката добросостојба	Поттикнување позитивни емоции и градење позитивни врски со учениците	Стручни соработници	Април/Мај	Развивање на способност за саморегулација-свесност и управување со емоциите, мислите и однесувањето при соочување со одредени транзициски ситуации и нивно интегрирање во адаптациона цел

1.Планирање, програмирање и организирање на воспитно-образовната работа

· Активно учество во планирање на целокупната работа на училиштето
· Насочување на работата на активите
· Учество во планирање и оценување на постигањата на учениците

· Целосен преглед за бројност на ученици,успех и поведение
· Планирање на сопствената Програма за работа
· Целосен преглед за бројност на ученици,успех и поведение

2.Следење на воспитно-образовната работа во училиштето преку следните активности:
· Утврдување на потенцијалните можности и карактеристики на личноста на ученикот ја утврдува зрелоста на децата за поаѓање на училиште, правилно распоредување на учениците по паралелки
· Целосен увид во секое време во евиденцијата и документацијата
· Ги открива учениците со потешкотии во напредувањето и помага во работењето со нив
· Ги открива и помага во работењето со ученици со големиможности за побрз напредок и развој,ги насочува нивните способности
· Работи на реализација на анкети,тестирања,разговори и советувања со учениците за професионален ориентација
· За реализавија на исдтите овие активности,психологот користи најразлични методи и техники во зависност од тоа со што располага во училиштето.
· Го следи напредокот на учениците според нивните можности,како и според карактеристиките на нивната личност
· По препорака од наставниците открива и работи со ученици кои манифестираат неприлагодено однесување,како што е неоправдано отсуство или зачестено отсуствување однаставата, зголемен број на изостаноци, појава на пушење, агресивно однесување, утврдување на социометриски статус кај учениците доколку се појави потреба од тоа

3.СОВЕТОДАВНА-КОНСУЛТАТИВНА РАБОТА

Овој вид на работа се применува во работа со ученици,родители и по потреба со наставници. Советувањето се врши по претходна покана на родителот од детето кое покажува намален успех,несоодветно однесување или поголем број на изостаноци.Советувањето се реализира два пати во период од две недели помеѓу двете советувања.Во работата со наставници пак,тоа има облик на соработка во врска со сите проблеми во училиштето,а кои се однесуваат на унапредувањето на воспитно-образовниот процес.

Но, во работата со наставниците тоа има форма на соработка во однос на сите проблеми во училиштето, кои се однесуваат на напредокот на образовниот процес.

Советувањето на родителите ќе се одвива според Правилникот од МОН

4.ОПШТО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

- Соработка со наставниците во подготовка на сите видови програми за работа
- Работи во унапредувањето на оценувањето на знаењата на учениците , посебно со првите и вторите одделенија
- Вклученост во инклузивниот тим на училиштето
- Увид во реализација на планирани активности
- Постигањата на деца со пречки во развојот

5.ВОДЕЊЕ НА ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА

- Увид во педагошката евиденција и документација на училиштето и на наставниот кадар
- Водење на професионално досие за вработените во македонска настава(останатите ги води педагогот)
- Записници од разговори со ученици,родители и наставници
- Водење на сопствена евиденција и документација
- Хронолошки дневник за работа:
- Евиденција за реализирани советувања со родители
- Евиденција за следењето на оценувањето на постигањата на учениците
- Евиденција од посетаи на часови,семинари,обуки,работилници,отворени часови и сл.

6.ПОДГОТВУВАЊЕ НА СТРУЧНИ МАТЕРИЈАЛИ

Во зависност од потребите,добиените резултати и сознанија,подготвува пишани материјали кои потоа се презентираат пред стручните органи на училиштето

РАЗВОЈНИ АКТИВНОСТИ

Развојните активности во работата на психологот се во функција на остварување на развојните задачи и активности на училиштето за тековната учебна година,а тоа се:

- Работа со наставниците на планирање на оценувањето, избор и подготовка на критериуми методи, техники и инструменти за следење и оценување на постигањата на учениците
- Следење , истражување и вреднување на примената на новините, степенот на подобрување на континуитетот,објективноста, праведноста и транспарентноста во оценувањето на постигањата на учениците
- Реализација на работилници- Етички кодекс на оценување на ученици и наставници
- Увид во квалитетот на вклученост на родителите во процесот на оценување
- Поддршка во активирање на работата на ученичката заедница;
- Подигање на мотивацијата за учење - преку вклучување во процесот на оценување;
- Работилници,трибини и дебати со родители;
- Советодавно-консултативна работа со сите фактори во училиштето,на сите нивоа и релации
- Поддршка во работа со инклузирани деца во редовна настава;
- Помош во изработка на индивидуални планови за работа за деца со пречки во развојот

ФОРМИ НА РАБОТА

·	индивидуална
·	тимска работа
·	консултации
·	групна

РЕС УРС И
· Стручни материјали, податоци од дневници,податоци од постоечка документација
· Концепција за основно образование,Годишни извештаи и програми,Закон за основно образование.
· Одговорни на стручни активи
· Стручни материјали,сознанија од консултации,ссеминари,литература и сл.
· Стручна литература
· Дневници за работа,податоци од полугодишен и годишен извештај од наставници,програми за работа
· Прибелешки од уписите,разговори со родители и со деца

ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ
· Ефикасност,точност и афирмативност на работењето на стручните органи
· Поголема ефикасност во работењето,навремена подготовка на почетокот нса уч.година
· Подобрување на планирањата на наставниците
· Успешно следење на формативното оценување и следење на учениците
· Подготовка на пософистицирана програма
· Целосна слика за успехот,поведението и бројноста на учениците како и увид во реализација на планирањата
· Зацврстување на соработката со родителите
· Поголема ангажираност на учениците за воннаставни активности
· Ефикасност во континуираното следење на успехот на учениците

ИЗРАБОТИЛ ПСИХОЛОГ : ЕЛВИРА ШАЌИРИ

ПРИЛОГ БР.5

ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА НАСТАВНИК–СОВЕТНИК



Јасмина Костовска
ООУ „Лирија“ – Тетово
Учебна 2026/2027година

ВОВЕД

- Програмата за работа на наставникот советник е изготвена согласно Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта и произлегува од потребата за континуирано унапредување на воспитно-образовниот процес, професионалниот развој на наставниците и развојот на училиштето како современа образовна институција.
- Како наставник советник, покрај реализацијата на наставниот процес и менторската работа, ќе придонесувам во развојот на наставниот кадар, ќе иницирам иновативни практики, ќе реализирам истражувачка и советодавна работа, ќе учествувам во изработка на стручни материјали, ќе организирам обуки и ќе ја промовирам добрата воспитно-образовна практика во училиштето и поширокаta професионална заедница.

ОПШТИ ЦЕЛИ

- Унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес.
- Поддршка на професионалниот развој на наставниците.
- Развивање култура на соработка и професионално учење.
- Имплементација на иновативни наставни пристапи.
- Поддршка на инклузивното образование.
- Јакнење на партнерството меѓу училиштето, родителите и локалната заедница.
- Промовирање на примери на добра наставна практика.

ПОСЕБНИ ЦЕЛИ

- Квалитетно планирање, организирање и реализирање на воспитно-образовната работа во одделението.
- Поддршка на наставниците во планирањето и реализацијата на наставниот процес.
- Поттикнување на примена на современи наставни методи, техники и дигитални алатки.
- Учество во активности за професионален развој на наставниците.
- Поддршка на наставници-приправници и наставници-ментори според потребите на училиштето.
- Унапредување на инклузивните практики и обезбедување поддршка за учениците.
- Учество во училишни тимови, комисии и развојни активности.
- Развивање соработка со родителите и локалната заедница.
- Поттикнување позитивна, безбедна и стимулативна училишна средина.
- Следење на новините во образованието и нивна примена во воспитно-образовната работа.
- организирање или учество во интерни обуки според потребите на училиштето;
- споделување добри практики;
- поддршка на колеги по потреба

АКЦИОНЕН ПЛАН ДОПОЛНИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ ЗА НАСТАВНИК – СОВЕТНИК

ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ

Активности:

- Организирање и реализација на интерни обуки за наставници.
- Водење професионални заедници за учење.
- Подготовка на прирачници, насоки и модели за планирање.
- Советодавна поддршка на наставници од училиштето и други училишта.
- Реализација на отворени и демонстративни часови.
- Време: Континуирано
- Соработка: Наставници, стручна служба, директор, БРО.

ИСТРАЖУВАЧКА И РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ

Активности:

- Спроведување акциски истражувања.
- Анализа на постигањата на учениците.
- Подготовка на извештаи и препораки за подобрување на наставата.
- Презентирање резултати на стручни собири.
- Време: Континуирано
- Соработка: Наставници, стручна служба, БРО.

ПРОМОЦИЈА НА ДОБРИ НАСТАВНИ ПРАКТИКИ

Активности:

- Подготовка и објавување стручни трудови.
- Учество на конференции, трибини и советувања.
- Споделување успешни практики на регионално и национално ниво.
- Учество во професионални мрежи на наставници.
- Време: Континуирано
- Соработка: БРО, ДПИ, факултети, училишта.

ПОДДРШКА НА УЧИЛИШНИОТ РАЗВОЈ

Активности:

- Учество во изработка на развојната програма на училиштето.
- Координација на тимови и комисии.
- Поддршка при самоевалуација и интегрална евалуација.
- Учество во подготовка на проекти и грантови.
- Време: Континуирано
- Соработка: Директор, стручна служба, наставници.

СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА И ПОШИРОКАТА ЗАЕДНИЦА

Активности:

- Организирање трибини и работилници.
- Соработка со локална самоуправа, невладини организации и институции.
- Вклучување на родители во воспитно-образовни активности.

- Реализација на хуманитарни и еколошки акции.
- Време: Континуирано
- Соработка: Родители, општина, локални институции.

МЕНТОРСКА И СОВЕТОДАВНА РАБОТА

Активности:

- Менторирање на наставници-приправници.
- Поддршка на наставници ментори.
- Менторирање студенти од факултетите.
- Подготовка на наставници за полагање стручен испит.
- Индивидуално советување и професионална поддршка.
- Време: Континуирано
- Соработка: Приправници, ментори, факултети, ДИЦ.

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

- Подобрен квалитет на наставата.
- Зголемени професионални компетенции на наставниците.
- Подобрени ученички постигања.
- Поголема примена на иновативни наставни методи.
- Унапредена инклузивна практика.
- Развиена професионална култура на соработка.
- Афирмација на училиштето и наставникот советник во образовната заедница.

Наставник советник: Јасмина Костовска Јули 2026 година

АКЦИОНЕН ПЛАН

(Програмска содржина,бреме на реализација.соработка)

I. ПЛАНИРАЊЕ И ПРОГРАМИРАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

Програмска содржина	Време на реализација	Соработка
Учество во изготвување на Годишната програма за работа на училиштето	Јули	Директор, стручна служба
Учество во креирање и унапредување на развојните политики на училиштето	Континуирано	Училишен тим
Координација и поддршка на стручните активи при планирање на наставата	Континуирано	Наставници
Учество во подготовка на програми за професионален развој на наставниците	Континуирано	Стручна служба
Следење на имплементацијата на наставните програми и новините во образованието	Континуирано	Наставници
Поддршка во подготовка на индивидуални образовни планови и адаптирани програми	Континуирано	Инклузивен тим

II. ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ

Програмска содржина	Време на реализација	Соработка
Организирање и реализирање интерни обуки и работилници	Континуирано	Наставници
Дисеминација на стекнати знаења од обуки, семинари и конференции	Континуирано	Наставници
Поддршка на наставниците при водење на професионалното досие	Континуирано	Наставници
Советодавна помош за примена на современи наставни методи и техники	Континуирано	Наставници
Организирање професионални средби за размена на добри практики	Континуирано	Стручни активи
Поддршка на наставници во користење на дигитални алатки и ресурси	Континуирано	Наставници

III. СОВЕТОДАВНА И МЕНТОРСКА РАБОТА

Програмска содржина	Време на реализација	Соработка
Советодавна поддршка на наставници во воспитно-образовната работа	Континуирано	Наставници
Менторирање на наставници-приправници	Континуирано	Приправници
Поддршка на наставници-ментори при реализација на менторскиот процес	Континуирано	Ментори
Организирање отворени часови и анализа на реализирани активности	Континуирано	Наставници
Поддршка на наставници при работа со ученици со посебни образовни потреби	Континуирано	Инклузивен тим
Советување за оценување, планирање и евиденција	Континуирано	Наставници

IV. УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА НАСТАВАТА

Програмска содржина	Време на реализација	Соработка
Следење на воспитно-образовниот процес и предлагање мерки за подобрување	Континуирано	Наставници
Анализа на ученичките постигања	Континуирано	Наставници, стручна служба
Поттикнување примена на иновативни наставни пристапи	Континуирано	Наставници
Поддршка на наставници во планирање и реализација на истражувачки активности	Континуирано	Наставници
Промовирање активно учење и критичко размислување кај учениците	Континуирано	Наставници

V. УЧИЛИШЕН РАЗВОЈ И САМОЕВАЛУАЦИЈА

Програмска содржина	Време на реализација	Соработка
Учество во процесот на самоевалуација на училиштето	Континуирано	Комисии
Учество во изработка на развојната програма на училиштето	Континуирано	Тимови
Поддршка при подготовка за интегрална евалуација	По потреба	Директор
Учество во подготовка и реализација на проекти и грантови	Континуирано	Проектни тимови
Следење на реализацијата на училишните развојни цели	Континуирано	Училишен тим

VI. СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ И ЛОКАЛНА ЗАЕДНИЦА

Програмска содржина	Време на реализација	Соработка
Организирање работилници и трибини за родители	Континуирано	Родители
Поддршка на наставниците во комуникација со родителите	Континуирано	Наставници
Соработка со локалната самоуправа и други институции	Континуирано	Општина
Учество во хуманитарни, еколошки и општествено одговорни активности	Континуирано	Локална заедница
Промоција на училиштето преку јавни настани и проекти	Континуирано	Наставници и ученици

VII. ВОННАСТАВНИ И ОПШТЕСТВЕНИ АКТИВНОСТИ

Програмска содржина	Време на реализација	Соработка
Организирање и поддршка на училишни манифестации и приредби	Континуирано	Наставници
Одбележување значајни датуми и настани	Според календар	Ученици
Поддршка на учество на ученици на натпревари, конкурси и проекти	Континуирано	Наставници
Организирање едукативни, културни и спортски активности	Континуирано	Ученици
Поттикнување на волонтерство и хуманост кај учениците	Континуирано	Училишна заедница

ЗАКЛУЧОК

- Како наставник-советник ќе придонесувам за унапредување на
- воспитно-образовниот процес, професионалниот развој на
- наставниците, развојот на училиштето и создавање квалитетна,
- инклузивна и стимулативна средина за учење. Активностите ќе се
- реализираат во соработка со наставниците, стручната служба,
- директорот, родителите и релевантните институции.

Наставник –советник Јасмина Костовска 2026/2027 година

ПРИЛОГ БР.6

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА БИБЛИОТЕКАР

за учебна 2026/2027

ПЛАНИРАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА АКТИВНОСТИТЕ (КОНТИНУИРАНИ АКТИВНОСТИ)

Следат активности на библиотекарот кои ќе бидат реализирани во текот на учебната година во континуитет:

Содржина	Цели	Соработници
Соработка со разни издавачки куќи	Запознавање со нови наслови	Директори на издавачки куќи
Стручна обработка на библиотекарскиот материјал според меѓународни стандарти	Евиденција и зачувување на истиот	/
Позајмување на книги и грижа за враќање на истите	Негување на навики за читање книги	Наставници
Соработка со дислоцирани паралелки, наставници и одд. раководители	Доближување на книгите до учениците	Наставници
Евиденција на книжниот фонд	Зачувување на книжниот фонд	/
Техничка обработка на нови наслови	Средување на новиот книжен фонд	/
Соработка со градската и другите библиотеки	Доближување на книги до учениците	Други библиотекари од други библиотеки
Следење, вреднување на работа на ученици од библио. секција	Унапредување на работата на секцијата	Ученици од библио. секција

ПЛАНИРАЊЕ НА ЕСЕНЦИЈАЛНИТЕ СОДРЖИНИ ПО МЕСЕЦИ

Планирање на содржините на библиотекарот кои не се повторуваат во наредните месеци:

Месец	Содржина	Цел	Соработник
Август	Средување на состојбата на книжен фонд (лектира и др. литература)	Набавка и евиденција на нови изданија	Директор, Пом. Директор
	Запознавање со новини за оваа уч. год.	Да се следат промените	Директор
Септември	Информација за нови наслови на книжниот фонд	Чување на фондот	Наставниците, директорот
Октомври	Одбележување на месецот на книгата	Навики за помнење поважни датуми	Наставник
	Запознавање на учениците со нови изданија (книги, лектири, списанија)	Негување навики за читање	Наставник
	Формирање на азбучен и стручен каталог	Чување на книги	Наставник
	Уредување на оштетени книги	Чување на книги	Ученици
	Месечен извештај за невратени книги	Чување на книги	Ученици, Наставник, Активот
Ноември	Естетско и хигиенско одржување на библиотеката	Пријатен амбиент во истата	Технички персонал, ученици

	Активности со библиотекарската секција	Анимирање на новини	Наставници
	Информации до наставниците и одборот на родители за состојбата на библиот. фонд	Запознавање со состојбата	Директор
	Активности по повод месецот на книгата	Негување навики за читање	Ученици
	Литературно читање со другите училишта	Негување навики за читање	Ученици
	Месец на книгата	Негување навики за читање	Ученици, Наставник, Директор, Психолог, Педагог
Декември	Водење картици и дневник за издавање на книжниот фонд	Евиденција и чување	Одделенски раководител
	Известување на наставниците и училишниот одбор за книжниот фонд	Рационално искористување на истиот	Директор, наставници
	Разговор со учениците за прочитаност на позајмените книги	Да се воочи дали читаат или не	Наставници по мајчин јазик
	Изложба со најстарите книги на библиотеката	Запознавање со нови автори	Библиотекарска секција, соодветни наставници
	Отстранување од употреба на книги кои не се користат	Евиденција и чување	Библиотекарска секција
	3 Декември	Денот на децата со посебни потреби	Наставник, ученик
Јануари	Средување на вратени наслови во библиотеката	Евиденција на состојбата	Директор
	Извештаи за книжниот фонд и расходување на дотраени книги	Средување на фондот	Директор
Февруари	Систематско запознавање на учениците со значење на функцијата на авторот на книгата	Запознавање со нови автори	Настав. по мајчин јазик
	Поимовно запознавање со предговор и поговор	Користење на предговор и поговор	Наставници
	Промоција на книги на било кој автор	Запознавање со нови автори	Библиотекарска секција, соодветни наставници
Март	Прослава на 8 Март - Соработка со сите одд. раководители (од централно, дислоцирани и подрачно ОУ)	Решавање на вообичаени проблеми	Библиотекарска секција, соодветни наставници
	Одбележување на 7 Март - Учество во планирани културни манифестации во и вон ОУ	Негување на навики за прослава на 1, 7 и 8 март	Носители и организатори

	Одбележување на 1 Март	Негување на навики за прослава на 1 март	Носители и организатори
	Изложба со почетниот наставнички кадар	Запознавање со основачите на образованието	Настав. по мајчин јазик
	Изложба со новите книги во библиотека	Запознавање со нови автори	Носители и организатори
	21 Март - Ден на екологијата	Значењето на овој ден	Наставници по биологија
Април	Избор на најчитана книга во ОУ	Популаризација на книгата	Наст. по мајчин јазик
	Обнова на книжен и некнижен фонд	Збогатување на библиотеката	Директор
	23 Април – Светски ден на книгата	Негување навики за прослава на истиот празник	Носители, организатори и ученици
	Откривање на талент (ученик од страна на библиотеката)	Негување навики за прослава на истиот празник	Носители, организатори и ученици
	Давање пофалници од страна на библиотеката на учениците	Негување навики за стекнување на љубов кон книгата	Наставници, ученици
	Изложба	Нови наслови на книги во библиотеката	Наставници, ученици
Мај	Одбележување на 24 Мај	Негување навики за прослава на истиот празник	Библиотекарска секција, соодветни наставници
	Избор на ученици кои биле најуредни во чување на книги и кои најмногу читале	Наградување со книги	Одд. раководител, директор
	Стекнување навики кај учениците за книгата	Средување на фондот	Наставници
Јуни	Разговор со одд. раководител на ученици кои не ги вратиле позајмените книги	Средување на фондот	Директор
	Прибирање и средување на книжниот фонд на крај од учебната година	Средување на фондот	Директор, Пом. Директор
	Обработка на книги	Средување на фондот	Директор, Педагог, Психолог, Наставник

Забелешка: Библиотекарот води дневник за работата и евиденција на платени списанија од страна на одделенските раководители. Програмата за работа има отворен карактер.

БИБЛИОТЕКАР: Влера Усеин

ГОДИШНИ АКТИВНОСТИ ЗА РАБОТА НА БИБЛИОТЕКАТА – ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД
Учебна 2026/2027 година

Месец	Клучни активности и задачи на библиотеката
АВГУСТ	• Изработка на годишна програма за работа на библиотеката. • Учество во работата на стручните органи и тела во училиштето. • Комплетирање на учениците со бесплатните учебници по одделенија и паралелки. • Разговор со директорот, стручните соработници и наставниците за состојбата на книжниот фонд и набавка на нова литература.
СЕПТЕМВРИ	• Планирање и програмирање на работата со учениците во училишната библиотека. • Формирање на библиотекарска секција и учество во нејзината работа. • Подобрување на техничко-материјалните услови и уредување на ентериерот во библиотеката и читалната. • Зачленување на учениците во училишната библиотека. • Библиотечно-информативна и стручна работа (инвентирање, сигнирање, потпечатување, сместување и техничка обработка). • Континуирано водење на евиденција, документација, ревизија и заштита на библиотечниот материјал. • Издавање на книги и лектири на учениците и наставниците. • Соработка со директорот, наставниците, стручните работници, издавачките куќи, детските списанија и градската библиотека. • Разговор со учениците за исправно користење и навремено враќање на позајмените книги.
ОКТОМВРИ	• Оспособување на учениците за самостојно, брзо и ефикасно пронаоѓање на информации. • Развивање на читателските и креативните способности на учениците. • Насочување на интересот на учениците за книгата според нивните желби и потреби. • Формирање навики за внимателно ракување, чување и заштита на библиотечниот материјал. • Организирано запознавање на наставниците и учениците со библиотечно-информативниот материјал. • Систематско информирање за новонабавени книги, весници и списанија. • Инвентирање, сигнирање, ревизија и заштита на книжниот и некнижниот фонд. • Издавање и средување на лектири и друга литература по полици. • Техничка помош на наставниците при реализација на часови со примена на аудио и визуелни помагала во читалната.
НОЕМВРИ	• Евидентирање на набавени книги (белетристика, лектири) и отворање картици. • Издавање лектири и друга литература на учениците и наставниците. • Естетско и хигиенско одржување на библиотеката и чистење на полиците со учениците. • Учество во подготовка на материјали за литературната и драмската секција и реализација на културната дејност. • Поттикнување на учениците за поактивно учество во јавниот живот на училиштето. • Соработка со раководството и стручните работници во истражувачки програми и проекти. • Информирање на наставниците за состојбата со библиотечниот фонд и потребите за нова литература.
ДЕКЕМВРИ	• Соработка со директорот, наставниците, родителите и учениците. • Издавање лектири и друга литература.

	• Известување на наставниците и учениците за состојбата на книжниот фонд и неговото рационално искористување. • Евидентирање, класификација и водење картици и дневник за издавање на книги, весници и списанија. • Проверка на редовното читање на позајмените книги кај учениците. • Вклучување во активностите за одбележување на празниците во тековниот месец.
ЈАНУАРИ	• Издавање лектири и друга литература на учениците и наставниците. • Враќање, проверка и средување на книгите во библиотеката. • Зачленување на првооделенците во училишната библиотека. • Извештаи за книжниот фонд и расходување на дотраени книги.
ФЕВРУАРИ	• Издавање лектири и друг вид литература. • Разговор со учениците за хигиенско, естетско чување и правилно користење на книгите. • Запознавање на учениците со значењето на регисерот на книгите, биографијата на авторот, предговорот и поговорот. • Разговор со учениците за навремено и исправно враќање на позајмените книги. • Учество во активностите за одбележување на Патрониот празник на училиштето.
МАРТ	• Планирање и реализација на културно-просветни манифестации и посети надвор од училиштето. • Организација и подготовка на изложба на книги на тема „Ви препорачуваме“. • Издавање лектири и литература, водење дневник и картици за работата во библиотека. • Проверка на исправноста на позајмените книги и организирање активности за средување на оштетените книги со библиотекарската секција.
АПРИЛ	• Соработка со училишни и други библиотеки во градот и надвор од него. • Активности за обнова на книжниот и некнижниот фонд и обезбедување стручна литература. • Водење дневник за работа. • Учество во изработка на тематски, литературни и ликовни катчиња со библиотекарската секција.
МАЈ	• Соработка со учениците, наставниците, директорот и родителите. • Следење и вреднување на работата на учениците во училишната библиотека. • Избор и наградување со книги на најуредните и најредовните ученици кои прочитале најмногу книги. • Издавање на лектири и друга литература. • Реализација и посета на културно-просветни манифестации во и надвор од училиштето. • Организирање посета на Саемот на книгата. • Разговор со учениците за навремено и уредно враќање на позајмените книги и бесплатните учебници. • Водење дневник и картици за позајмените книги.
ЈУНИ	• Акција за прибирање и проверка на исправноста на бесплатните учебници и меѓусебна размена меѓу учениците. • Издавање лектира и друга литература. • Разговор со одделенските раководители за учениците кои навреме не ги вратиле книгите и учебниците. • Прибирање на стари учебници и книги од учениците и давање на користење за наредната учебна година. • Комплетирање и прибирање на книжниот фонд во библиотеката. • Изготвување извештај за работата на библиотеката во тековната учебна година.

Изработил Училишен библиотекар: Влера Усеини

ПРИЛОГ БР.7

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СПЕЦИАЛЕН ЕДУКАТОР И РЕХАБИЛИТАТОР ЗА УЧЕБНАТА 2026/2027 ГОДИНА

- Програмски подрачја за работа
- Работа со ученици
- Подршка на учениците во учењето
- Следење и подршка на развојот на учениците
- Професионална и кариерна ориентација на учениците
- Работа со наставници
- Подршка на наставниците за за планирање и реализирање на воспитно-образовниот процес и самоевалуацијата
- Подршка на наставниците за работа со учениците
- Работа со родители
- Индивидуални и групни советувања со родителите
- Соработка со локалната заедница
- Соработка со заедницата
- Соработка со локалната заедница
- Професионален развој и професионална соработка
- Подршка на професионалниот развој и соработката во училиштето
- Аналитичко-истражувачка работа
- Истражување во воспитно-образовната работа
- Училишна структура, организација и клима
- Училишна структура и организација
- Училишна клима, безбедна средина и демократско учество

Оперативна програма за учебната 2026/2027

Подрачје на активност	Содржини за работа	Реализатори и соработници	Време на реализација
	Изработка на сопствена Годишна програма за работа	специјален едукатор и рехабилитатор	Јуни -Август 2026
	Учество во изработка на годишната програма на училиштето	Стручна служба Директор	Јуни - Август 2026
	Изработка на сопствена Месечна програма за работа	специјален едукатор и рехабилитатор	Август 2026
Работа со ученици	Прием на првачиња, формирање на паралелки, прифаќање и распоредување на учениците со ПОП по паралелки	Стручна служба Наставници Родители	Август 2026
	Дијагностика на учениците со ПОП со цел да се направи проценка на индивидуалните можности и способности	Стручна счужба Наставници Родители	Септември-Октомври 2026

	Опсервација на часови во паралелките со цел детектирање на ученици со ПОП	Наставници	Септември-Октомври 2026

Давање на соодветна подршка и следење на напредокот на учениците со ПОП			
	Помош на ученикот кој започнува да се вклучува во редовното одделение за да се адаптира во средината	Наставници Стручна служба	Септември-октомври,2026
	Подготовка на одделението за прифаќање на ученикот кој треба да се вклучи	Наставници Стручна служба	Септември-октомври,2026
	Подршка на училницата на вклучениот ученик	Наставници, Стручна служба	Континуирано
ФАЗА 2: Едукација и психолошка подготовка	Едукативни часови со учениците	Часови на одделенска заедница: „Што да правиме при земјотрес/пожар“. Совладување на техники за самоконтрола против паника.	Одделенски раководители, Педагог / Психолог/ Дефектолог	Октомври / Ноември	Едукативни материјали, брошури, видео-презентации	Реализирани часови во сите паралелки; изработени еко-безбедносни постери.
	Обука на тимовите на училиштето	Специфична обука за членовите на Штабот и оперативните тимови (прва помош, ракување со ПП-апарати).	Директор, претставници од Црвен крст и ТППЕ	Декември	Материјали за прва помош, ПП-опрема за обука	Сертифицирани/обучени вработени во трите оперативни тима.
ФАЗА 3: Оперативна симулација и акција	Практична симулациска вежба за евакуација	Изведување ненајавена/најавена вежба за евакуација на целото училиште при симулиран земјотрес или пожар.	Цело училиште, во соработка со ТППЕ Тетово и СВР	Март / Април	Сирена/алам, заштитна опрема, логистика од ТППЕ	Успешна евакуација на сите присутни во објектот за време под 3 минути.
	Протокол за реакција за време на непогода	Имплементација на оперативни чекори при криза (Земјотрес: под клупи; Пожар: исклучување струја и	Сите вработени (наставен и технички персонал)	Во случај на непогода	Комуникациски системи, прибори за прва помош	Нула паника, организирано напуштање или обезбедување на


		евакуација во колона; Невреме: внатре).				просторот без повреди.
ФАЗА 4: Евалуација	Психолошка дебрифинг сесија и извештај	Анализа на однесувањето на учениците за време на вежбата, евалуација на пропустите и подготовка на финеси за подобрување на планот.	Штаб за заштита, Педагог / Психолог/ Дефектолог	Мај	Прашалници за рефлексија, записници	Подготвен детален Извештај со препораки доставен до Наставничкиот совет.


5. СОРАБОТКА СО НАДВОРЕШНИ ИНСТИТУЦИИ


За успешна имплементација на оваа програма, ООУ „Лирија“ одржува постојан контакт, разменува информации и планира заеднички активности со: Територијалната противпожарна единица (ТППЕ) – Тетово (техничка поддршка и логистика за вежбата) Секторот за внатрешни работи (СВР) – Тетово (безбедност на периметарот при симулација) Службата за итна медицинска помош – Тетово (едукација за прва помош) Дирекцијата за заштита и спасување (ДЗС) и Црвен крст – Тетово

6. СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Програмата се евалуира веднаш по завршувањето на практичната симулациска вежба во второто полугодие. Мерило за нејзината успешност е времето потребно за целосна евакуација на објектот и степенот на присебност покажан од страна на учениците и кадарот, што директно се евидентира во финалниот извештај на Штабот за заштита и спасување.







ПРИЛОГ БР.35

РАСПОРЕД И ДЕЖУРСТВО НА

Учебна 2026/2027

ПРОГРАМА ЗА НАСТАВНИЦИТЕ

година

I. ВОВЕДНИ СОГЛЕДУВАЊА И ЦЕЛИ

Дежурството на наставниците претставува важна организациска мерка за обезбедување безбедност и непречено ред, дисциплина, одвивање на воспитно-образовниот процес во ООУ „Лирија“ – Тетово. Со дежурството се покриваат критичните точки во училиштето (влезови, ходници, скали, училиштен двор) пред почетокот на наставата,

за време на големите и малите одмори, како и по завршувањето на смената. Основни цели на дежурството: Гарантирање на физичка безбедност и заштита на учениците од повреди, несакани однесувања и врснички насилство. Одржување на редот, дисциплината и хигиената во училишните простории за време на одморите. Навремено информирање и насочување на учениците и гостите во училиштето. Спречување на влез на неовластени лица во училишниот објект.

II. ОПШТИ ПРАВИЛА И ОДГОВОРНОСТИ НА ДЕЖУРНИТЕ НАСТАВНИЦИ

Време на пристигнување: Дежурниот наставник доаѓа во училиштето најмалку 30 минути пред почетокот на првиот час во соодветната смена. Распоред на пунктови: Наставниците се распоредуваат на клучни пунктови (влез на училиштето, ходници на приземје и кат, училиштен двор). Контрола на одмори: За време на малите и големите одмори, дежурните наставници се присутни меѓу учениците во ходниците и на отворените простори. Водење евиденција: Секој дежурен наставник води книга/евиденција за дежурство во која се запишуваат забележаните нерегуларности или оштетувања на инвентарот.

III. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ И ОРГАНИЗАЦИЈА ПО МЕСЕЦИ

Период / Месец	Клучни активности за организирање на дежурството	Цели и очекувани ефекти	Носители и соработници
Септември 2026	• Изработка и донесување на Распоред за дежурство на наставниците за новата учебна година. • Запознавање на наставничкиот совет со местата на дежурство и обврските.	• Уставен и функционален систем за обезбедување ред уште од првиот училиштен ден.	• Директор • Помошник директор / Педагог
Октомври 2026	• Редовно следење на реализацијата на дежурството по смени. • Контрола на почитувањето на распоредот од страна на наставниците.	• Одржување на висока дисциплина и безбедност во училишните ходници.	• Дежурни наставници • Раководство
Ноември 2026	• Анализа на ефикасноста на пунктовите за дежурство (во зависност од согорувањето на кривични точки во училиштето).	• Навремено преместување на дежурни пунктови доколку се забележат критични места.	• Стручна служба • Дежурни наставници
Декември 2026	• Интензивирање на дежурството пред зимскиот распуст (зголемена динамика на учениците во ходниците).	• Спречување на немили настани или повреди при зголемена возбуденост кај учениците.	• Дежурни наставници
Јануари 2027	• Полугодишна ревизија на распоредот за дежурство (ротирање на смени и наставници по полугодија).	• Рамномерна оптовареност на сите наставници во процесот на дежурство.	• Директор / Педагог
Февруари 2027	• Отпочнување со дежурства по новиот ротиран распоред за второто полугодие. • Контрола на влезовите и дворот.	• Стабилен безбедносен редослед во зимските услови.	• Дежурни наставници
Март 2027	• Зголемено дежурство во училишниот двор со затоплување на времето и излегување на учениците надвор за време на одморите.	• Превенција од повреди во училишниот двор и заштита на зелените површини.	• Наставници распоредени во двор
Април 2027	• Тековни контроли и консултации со наставниците во врска со специфични предизвици за време на одморите.	• Одржување на постојана будност и професионалност.	• Стручна служба

Мај 2027	• Засилено дежурство во периодот на зголемени воннаставни активности и присуство на завршни одделенија.	• Целосна контрола и безбедност во завршната фаза од учебната година.	• Дежурни наставници
Јуни 2027	• Завршна евалуација на организацијата и успешноста на дежурството за учебната 2026/2027 година. • Изработка на извештај.	• Резимирање на успехот и поставување насоки за наредниот циклус.	• Директор • Стручна служба

ПРИЛОГ БР.36

ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ЕСТЕТСКО И ФУНКЦИОНАЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ И ОПКРУЖУВАЊЕТО НА УЧИЛИШТЕТО ООУ „ЛИРИЈА“ – ТЕТОВО Учебна 2026/2027 година

1. ВОВЕД

Училишната средина има директно влијание врз мотивацијата за учење, психо-физичкиот развој и социјализацијата на учениците. Овој план дефинира низа активности насочени кон унапредување на естетскиот изглед и функционалноста на внатрешниот простор (училници, ходници, канцеларии) и надворешниот простор (училишниот двор и спортските терени) на ООУ „Лирија“ – Тетово.

2. ЦЕЛИ НА ПЛАНОТ

Естетски цели: Создавање визуелно привлечен, чист и инспиративен простор кој зрачи со добредојде и позитивна училишна клима. Функционални цели: Оптимално искористување на просторот за настава, слободни активности, инклузија на учениците и зголемување на безбедноста во објектот и дворот. Еколошки цели: Подигнување на еколошката свест кај учениците преку одржување на зеленилото и правилно управување со отпадот.

3. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПРОГРАМАТА (АКЦИОНЕН ПЛАН)

Подрачје на делување	Конкретна активност	Опис и педагошка цел	Одговорни носители	Рок за реализација	Потребни ресурси / Поддршка	Индикатори за успешност (Како ќе мериме?)
А. Внатрешен простор (Ентериер)	Естетско уредување на ходниците	Поставување табли со ученички изработки, ликовни творби и постери. Истакнување на мултикултурни мотиви и инклузивни пораки.	Стручна служба, наставници по ликовно образование	Септември / Континуирано	Плутени табли, рамки, хартија, поддршка од Ученички парламент	Поставени најмалку 4 нови тематски паноа во ходниците; редовна ротација на цртежи.
	Функционалност во училниците	Реорганизација на клупите за тимска работа. Обезбедување дидактички агли за секој предмет и простор за релаксација.	Одделенски раководители, предметни наставници	Почеток на учебната година	Постоечки мебел, дополнителни полици, дидактички материјали	100% од училниците имаат флексибилен распоред и уредени предметни катчиња.
	Информативни катчиња	Уредување на огласна табла на влезот со Правилник за однесување, распореди, училишни постигнувања и	Директор, Педагог / Психолог/ Дефектолог	Септември	Информативни табли, печатени материјали, дигитален екран (доколку има можност)	Ажурирани и уредни огласни табли достапни за учениците, наставниците и родителите.

		кариерно информирање.				
Б. Надворешен простор (Екстериер)	Хортикултурно уредување на дворот	Садење сезонско цвеќе, уредување тревници и засадување нови садници преку активни ученички Еко-акции.	Тим за екологија, технички персонал, ученици, наставници по биологија	Есен / Пролет	Садници, цвеќе, градинарски алат, донации од ЈКП или локални претпријатија	Реализирани најмалку 2 големи еко-акции; зазеленети критични површини во дворот.
	Функционални зони за одмор	Поставување и репарирање на клупи и корпи за отпадоци во дворот со цел поквалитетен и побезбеден голем одмор.	Директор, техничка служба, Совет на родители	Октомври	Материјали за репарирање (дрво, боја), нови корпи за селекција на отпад	Поставени/обновени најмалку 6 клупи и 5 нови корпи; намален отпад по дворот за време на одмори.
	Безбедност и пристапност	Обележување на пристапни рампи, проверка и санација на заштитната ограда на дворот и обновување на спортските терени.	Директор, Училиштен инклузивен тим, техничка служба	Август / Септември	Градежни материјали, боја за бележење терени, поддршка од Општина Тетово	Целосно функционална заштитна ограда; јасно обележани линии на спортските терени и рампи.
В. Партиципација и заедница	Акција „Најубаво уредена училница“	Мотивирање на учениците самите да ги уредуваат училниците со поддршка од родителите.	Ученички парламент, одделенски раководители	Октомври / Мај (два циклуса)	Креативни материјали обезбедени од учениците/родителите	Избрани и наградени најкреативните училници; зголемена грижа за инвентарот.
	Викенд-акции со родители	Заеднички акции во сабота/недела за варосување, бојадисување на оградата или уредување на училишната градина.	Совет на родители, Директор	Април / Мај	Бои, четки, вар, доброволен труд на родителите и наставниците	Успешно реализирана најмалку 1 масовна акција со учество на родители од сите паралелки.

4. ВКУЧУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ (ПАРТИЦИПАЦИЈА)

За уредувањето на просторот да има долгорочен ефект, планирано е активно вклучување на заедницата преку трите столба наведени во табеларниот преглед: Ученичкиот парламент, Советот на родители и соработката со Општина Тетово и локалните бизниси.

5. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Постигнато повисоко ниво на хигиена и визуелна естетика во ООУ „Лирија“. Обезбедени функционални катчиња кои го олеснуваат учењето, инклузијата и движењето низ училиштето. Намален број на инциденти и оштетувања на училишниот инвентар преку развивање чувство на сопственост, еколошка свест и грижа кај учениците.

6. СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПЛАНОТ

Реализацијата на овој план ќе се следи во рамките на редовните состаноци на стручната служба и Тмот за самоевалуација, користејќи ги дефинираните индикатори за успешност од табелата. На крајот на првото полугодие и

на крајот на учебната година ќе се подготви краток извештај за реализираните инфраструктурни, еколошки и естетски подобрувања во училиштето.

Изготвил Стручната служба (Педагог)

ПРИЛОГ БР.37

ПРАВИЛНИК ЗА РЕД, ДИСЦИПЛИНА И ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ, НАСТАВНИЦИТЕ И РОДИТЕЛИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО И УЧИЛИШНИОТ ДВОР

Учебна 2026/2027 година

На основа на Законот за основно образование и Статутот на ООУ „Лирија“ – Тетово, Наставничкиот совет и Училишниот одбор на седница одржана во септември 2026 година, го донесоа следниот:

ГЛАВА I: ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1 Со овој правилник се уредуваат правилата на редот, дисциплината, етичкото однесување, правата, обврските и одговорностите на учениците, наставниците, стручните соработници, другите вработени и родителите/старателите во ООУ „Лирија“ – Тетово, како и во училишниот двор.

Член 2 Целта на овој правилник е обезбедување на безбедна, мирна, инклузивна и стимулативна воспитно-образовна средина која гарантира почитување на човековите права, меѓусебна почит, недискриминација и соживот меѓу сите учесници во процесот.

ГЛАВА II: ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ ЗА УЧЕНИЦИТЕ

Член 3 (1) Ученикот е должен редовно и навремено да ја посетува наставата и другите облици на воспитно-образовна работа. (2) Учениците се должни да дојдат во училиштето најмалку 10 минути пред почетокот на првиот час во соодветната смена.

Член 4 (1) За време на часот, ученикот е должен да се однесува дисциплинирано, внимателно да ја следи наставата, активно да учествува и да не ја попречува работата на наставникот и соучениците. (2) Строго е забрането неовластено користење на мобилни телефони, таблети или други електронски уреди за време на часовите, освен кога тоа е експлицитно побарано од наставникот за потребите на настава.

Член 5 (1) За време на малите и големите одмори, учениците се должни да се однесуваат културно, да не трчаат по ходниците, да не викаат и да не користат груб или навредлив говор. (2) Учениците се должни да ги почитуваат насоките на дежурните наставници.

Член 6 (1) Учениците се должни да доаѓаат во училиштето со уредна, соодветна и примерена облека за образовна институција. (2) Забрането е носење на претерано спортска, непримерена, провокативна облека, како и облека со обележја кои поттикнуваат омраза или нетрпеливост.

Член 7 Учениците се должни максимално да го чуваат училишниот имот, инвентарот, училниците, дигиталната опрема и зелените површини. Секоја намерна штета е предмет на материјална и дисциплинска одговорност на родителот/старателот.

Член 8 Во училишната зграда и училишниот двор строго е забрането:

Носење и употреба на оружје, пиротехнички средства, опасни предмети;

Консумирање или носење на цигари (вклучувајќи електронски цигари), алкохол, енергетски пијалоци и опојни дроги;

Вршење на било каков облик на физичко, вербално, психолошко или дигитално насилство (булинг).

ГЛАВА III: ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ ЗА НАСТАВНИЦИТЕ И ВРАБОТЕНИТЕ

Член 9 (1) Наставниците и стручните соработници се должни да ја извршуваат својата работа совесно, професионално, објективно и со целосна почит кон личноста и дигнитетот на секој ученик. (2) Наставникот е должен да претставува позитивен морален и професионален пример за учениците преку соодветен дрес-код и етички говор.

Член 10 (1) При оценувањето на знаењата на учениците, наставникот е должен да постапува строго објективно, транспарентно и во согласност со важечките критериуми на БРО. (2) Строго е забрането фаворизирање, предрасуди или било каква форма на дискриминација врз национална, верска, родова или социјална основа.

Член 11 Наставникот или вработениот кој ќе забележи или преку сомнеж ќе утврди појава на насилство, занемарување или дискриминација врз ученик, должен е веднаш да постапи според училишните протоколи и да ја извести стручната служба и директорот.

ГЛАВА IV: ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ ЗА РОДИТЕЛИТЕ И СТАРАТЕЛИТЕ

Член 12 (1) Родителите се активни партнери во воспитно-образовниот процес и се должни редовно да ги посетуваат родителските средби и отворените денови. (2) Родителите се должни навремено да го известат одделенскиот раководител за секое отсуство на своето дете и да обезбедат соодветно оправдание.

Член 13 (1) Комуникацијата помеѓу родителите и наставниците/вработените мора да се одвива во духот на взаемна почит и културен дијалог. (2) Забрането е агресивно однесување, повишување на тон, навреди или физички напади врз вработените или учениците во училишниот простор.

Член 14 Родителите не смеат неовластено да влегуваат во училниците за време на одржување на редовна настава без претходна најава или одобрение од стручната служба или предметот наставник.

ГЛАВА V: ПРАВИЛА ЗА ОДНЕСУВАЊЕ ВО УЧИЛИШНИОТ ДВОР

Член 15 (1) Училишниот двор е јавен училишен простор наменет за рекреација и спортување на учениците. (2) Се забранува фрлање отпадоци надвор од поставените корпи за отпадоци, како и уништување на урбаната опрема, цвеќињата и дрвјата во дворот.

Член 16 Строго е забрането влегување, паркирање или движење со моторни возила (автомобили и мотори) во училишниот двор во времето кога учениците се присутни или за време на одмори, со цел гарантирање на нивната физичка безбедност.

Член 17 Забраната за пушење цигари, електронски цигари, консумирање алкохол и забранети супстанции важи подеднакво за целиот училишен двор, за сите лица без исклучок.

ГЛАВА VI: ВАСПИТНИ МЕРКИ И САНКЦИИ

Член 18 За прекршување на одредбите од овој правилник од страна на учениците, училиштето изрекува воспитни мерки во согласност со Законот за основно образование и Статутот на училиштето (усмена забелешка, писмена опомена, укор од класен раководител, укор од наставнички совет и намалување на владиние).

Член 19 За прекршување на работните обврски и етичкиот кодекс од страна на наставниците и вработените, се покренува постапка пред дисциплинската комисија согласно Законот за вработените во јавниот сектор и законите за работни односи.

Член 20 Доколку родител го нарушува јавниот ред, ги навредува вработените или го попречува нормалното работење на училиштето, училиштето има право да побара итна интервенција од надлежните институции (МВР и Центар за социјална работа).

ГЛАВА VII: ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 21 Овој правилник стапува на сила со денот на неговото усвојување од страна на Училишниот одбор, а ќе се применува во текот на учебната 2026/2027 година.

Член 22 Сите ученици, наставници и родители се должни да се запознаат со одредбите од овој правилник и доследно да ги почитуваат.

ПРИЛОГ БР.38

ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

Учебна 2026/2027 година

I. ВОВЕДНИ СОГЛЕДУВАЊА И ЦЕЛИ

Професионалниот и кариерен развој на наставниците и стручните соработници претставува основен предуслов за постигнување висок квалитет на воспитно-образовниот процес во ООУ „Лирија“ – Тетово. Оваа програма ги дефинира насоките за континуирано стручно усовршување, менторство, следење на современите педагошки трендови и напредување во кариерата на воспитно-образовниот кадар во согласност со законските прописи и потребите на училиштето.

Основни цели на програмата: Поддршка на постојаното стручно усовршување и унапредување на дидактичко-методичките и дигиталните компетенции на наставниците. Создавање услови за менторска поддршка на нови и приправници наставници со цел нивна успешна интеграција во системот. Поттикнување на акциско истражување, размена на добри практики и соработка меѓу стручните активи. Напредување во кариерата (стекнување звања ментор и советник) преку системско следење и евалуација на резултатите од работата.

II. КЛУЧНИ ОБЛАСТИ НА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Внатрешно училишно обучување: Работилници, стручни активи, демонстративни часови и споделување искуства меѓу наставниците. Надворешни обуки и семинари: Учество на акредитирани обуки организирани од Бирото за развој на образованието (БРО), Министерство за образование и наука (МОН) и релевантни невладини организации.

Менторство на приправници: Стручна помош од искусни ментори при подготовка за полагање на стручен испит.

Дигитална писменост и иновации: Обуки за користење модерни платформи, ИКТ алатки и дигитални ресурси во секојдневната настава.

III. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ ПО МЕСЕЦИ

Период / Месец	Клучни активности за професионален развој	Цели и очекувани ефекти	Носители и соработници
Септември 2026	• Анализа на потребите за обука на наставниот кадар на почетокот на учебната година. • Изработка на Годишен план за стручно усовршување. • Насочување на приправниците кон нивните ментори.	• Навремено планирање на обуките врз основа на реалните потреби на наставниците.	• Директор • Стручна служба • Стручни активи
Октомври 2026	• Реализација на првите внатрешни стручни работилници на ниво на активи (обработка на нови наставни програми и методи). • Пријавување на наставници за акредитирани надворешни семинари.	• Зајакнување на внатрешната соработка и размена на методички практики.	• Раководители на стручни активи
Ноември 2026	• Семинари и обуки за формативно оценување и примена на нови образовни стандарди. • Консултации на приправниците со менторите.	• Подигање на квалитетот на следењето на напредокот на учениците.	• Стручна служба • Ментори
Декември 2026	• Работилници за дигитални алатки во наставата и интерактивно учење. • Презентација на добри практики од страна на наставници кои применуваат иновативни методи.	• Развивање на современи дигитални вештини кај наставниот кадар.	• Наставници по информатика • Стручни активи
Јануари 2027	• Полугодишна евалуација на реализираните обуки и стручни усовршувања.	• Согледување на ефектите од досегашните	• Директор • Стручна служба

	• Анализа на напредокот на наставниците-приправници.	активности и корекција на планот за второ полугодие.	
Февруари 2027	• Организирање отворени/демонстративни часови од наставници-ментори. • Посета и анализирање на часови со цел учење еден од друг (peer observation).	• Практична демонстрација на успешни методични пристапи во училницата.	• Наставници-ментори • Предметни наставници
Март 2027	• Учество на регионални стручни конференции, трибини или веб-семинари организирани од БРО. • Подготовка на материјали за напредување во звања.	• Проширување на стручните хоризонти надвор од училишната средина.	• Заинтересирани наставници • Директор
Април 2027	• Работилници за инклузивно образование, работа со ученици со потешкотии и примена на ИОП. • Стручна поддршка за наставниците кои работат со инклузивни паралелки.	• Зајакнување на капацитетите за поддршка на сите ученици во редовна настава.	• Педагог / Психолог • Стручна служба
Мај 2027	• Подготовка на приправниците за полагање на стручен испит. • Сумирање на индивидуалните портфолиа на наставниците за нивниот професионален развој.	• Успешно заокружување на приправничкиот стаж и валоризација на трудот на наставниците.	• Ментори • Комисија за стручен испит
Јуни 2027	• Завршна евалуација на Годишната програма за професионален и кариерен развој. • Изработка на извештај и поставување приоритети за наредната учебна година.	• Резимирање на постигнатите резултати и планирање на следниот циклус усовршување.	• Директор • Стручна служба • Наставнички совет

Изготвил Стручната служба (Педагог)

ПРИЛОГ БР.39

ПРОГРАМА ЗА СОРАБОТКА НА УЧИЛИШТЕТО СО РОДИТЕЛИТЕ / СТАРАТЕЛИТЕ

Учебна 2026/2027 година

I. ВОВЕДНИ СОГЛЕДУВАЊА И ЦЕЛИ Успешниот воспитно-образовен процес е незамислив без цврсто партнерство и отворена комуникација меѓу училиштето и семејството. Програмата за соработка со родителите во ООУ „Лирија“ – Тетово ги дефинира формите, содржините и динамиката на заедничкото дејствување со цел обезбедување оптимални услови за развој, учење и добросостојба на секој ученик.

Основни цели на програмата: Градење на доверба и редовна двонасочна комуникација меѓу наставниците, стручната служба и родителите. Вклучување на родителите во училишниот живот, одлучувањето и реализацијата на воннаставни и проектни активности. Зајакнување на родителските компетенции и усогласување на воспитните влијанија помеѓу домот и училиштето. Навремено информирање на родителите за постигањата, однесувањето и целокупниот развој на учениците.

II. ФОРМИ И МЕХАНИЗМИ НА СОРАБОТКА Родителски средби: Редовни одделенски и општи родителски средби (информативни и тематски). Отворени денови и индивидуални консултации: Неделени терминки за индивидуални

средби на родителите со наставниците и стручната служба. Совет на родители: Институционално учество на претставници од родителите во органите за управување и донесување одлуки. Заеднички активности и работилници: Вклучување на родителите во хуманитарни акции, еко-акции, културни манифестации и училишни приредби.

III. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ ПО МЕСЕЦИ

Период / Месец	Клучни активности за соработка со родителите	Цели и очекувани ефекти	Носители и соработници
Септември 2026	• Одржување на први општи и одделенски родителски средби за новата учебна година. • Избор на членови за Советот на родители и одделенски раководители на паралелките.	• Запознавање на родителите со правилата на училиштето, плановите и наставниците од првиот ден.	• Раководство на училиштето • Одделенски раководители
Октомври 2026	• Отпочнување со редовни неделни индивидуални консултации (Отворени врати). • Тематски работилници за родителите од прво и шесто одделение (адаптација).	• Воспоставување редовен канал за комуникација и навремена размена на информации.	• Наставници • Стручна служба
Ноември 2026	• Одржување на први тематски консултации по завршување на првото тромесечие. • Состанок на Советот на родители.	• Ран увид на родителите во успехот и евентуалните потешкотии на учениците.	• Одделенски раководители • Стручна служба
Декември 2026	• Активно вклучување на родителите во подготовка и реализација на новогодишни хуманитарни базари и работилници.	• Зајакнување на заедништвото, споделување и поддршка на хуманитарни иницијативи.	• Родители, ученици и наставници
Јануари 2027	• Полугодишни родителски средби по повод завршувањето на првото полугодие. • Анализа на успехот и владението на учениците.	• Објективно информирање на родителите за полугодишните постигања на нивните деца.	• Одделенски раководители • Предметни наставници
Февруари 2027	• Состанок на Советот на родители за разгледување на безбедносната состојба и превентивните активности во училиштето.	• Соработка во превенцијата од насилство и промоција на училишната добросостојба.	• Директор • Стручна служба
Март 2027	• Организирање „Отворени денови“ за родители со цел присуство на отворени часови или преглед на ученичките постигања.	• Овозможување увид на родителите во начинот на одвивање на наставниот процес.	• Наставници • Родители
Април 2027	• Тематски родителски средби (за учениците од IX одделение) посветени на професионалната ориентација и уписите во средно училиште.	• Поддршка на родителите и учениците при носењето на важната кариерна одлука.	• Стручна служба • Класни раководители на IX одделение
Мај 2027	• Завршни консултации пред заклучување на годишните оценки. • Состанок на Советот на родители за резимирање на актуелната учебна година.	• Навремено детектирање на ученици во ризик и преземање соодветни завршни чекори.	• Наставници • Совет на родители
Јуни 2027	• Информирање на родителите за крајот на учебната година, распоредот за доделување сведителства и летниот распуст. • Годишна евалуација на соработката.	• Заокружување на циклусот на соработка и подготовка за следниот образовен период.	• Раководство • Одделенски раководители

Изготвил Стручната служба (Педагог)

ПРИЛОГ БР.40

ПРОГРАМА ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА И ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

Учебна 2026/2027 година

I. ВОВЕДНИ СОГЛЕДУВАЊА И ЦЕЛИ

Училиштето не е изолирана институција, туку активен дел од локалната заедница во која е сместено. Програмата за соработка со локалната средина во ООУ „Лирија“ – Тетово ги опфаќа облиците и начините на поврзување со општинските институции, културни установи, невладини организации, стопански субјекти и граѓанскиот сектор, со цел интегрирање на учениците во општествениот живот и решавање на заеднички предизвици.

Основни цели на програмата: Зајакнување на врските помеѓу училиштето и локалната заедница (Општина Тетово, институции и организации). Збогатување на воспитно-образовниот процес преку теренски посети, практични искуства и учество во локални манифестации. Развивање на граѓанска свест, солидарност, екологија и општествена одговорност кај учениците. Промоција на достигнувањата на училиштето и неговото културно-јазично богатство во поширокаата средина.

II. КЛУЧНИ ОБЛАСТИ И ПАРТНЕРИ НА СОРАБОТКА

Локална самоуправа (Општина Тетово): Соработка по прашања за инфраструктура, екологија, млади и општински детски манифестации. Културни и научни институции: Музеј на град Тетово, градска библиотека, театар, културни центри. Здравствени и хуманитарни организации: Црвен крст, локални здравствени дом и станици за превентивна заштита. Невладини организации и бизнис сектор: Иницијативи за заштита на животната средина, младински активизам и хуманитарни акции.

III. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ ПО МЕСЕЦИ

Период / Месец	Клучни активности за соработка со локалната средина	Цели и очекувани ефекти	Носители и соработници
Септември 2026	• Воспоставување и обновување на контактите со локалните институции и општината на почетокот на учебната година. • Учество во традиционални манифестации во градот (доколку ги има).	• Навремено вклучување на училиштето во општествениот календар на градот Тетово.	• Раководство на училиштето • Стручна служба
Октомври 2026	• Посета на градската библиотека или музејот по повод Месецот на книгата и културното наследство. • Соработка со комуналните претпријатија за еко-акции.	• Запознавање на учениците со културните и јавните установи во сопствената општина.	•Предметни наставници •Одделенски раководители
Ноември 2026	• Соработка со општинската организација на Црвениот крст – вклучување во хуманитарни акции. • Едукативни предавања од стручни лица од локалната заедница.	• Развивање на солидарност, хуманост и општествена грижа кај учениците.	•Ученички парламент • Црвен крст
Декември 2026	• Учество на учениците со свои творби или културни настапи на хуманитарни и новогодишни манифестации во градот. • Јавна промоција на училишните успеси.	• Афирмација на ООУ „Лирија“ во локалната средина преку креативност и соработка.	• Наставници по музичка и ликовна култура
Јануари 2027	• Полугодишна анализа на реализираните форми на соработка со локалната заедница. • Планирање на активности за второто полугодие со општинските служби.	• Објективно согледување на постигнатото и дефинирање нови насоки.	• Раководство • Стручна служба
Февруари 2027	• Организирање едукативни работилници за безбедност во сообраќајот или превенција со соработка на локалната полициска станица.	•Зголемување на сообраќајната култура и безбедноста на учениците во локалната средина.	•Полициска станица Тетово •Одделенски раководители

Март 2027	• Заеднички пролетни еко-акции за чистење и уредување на градски или училишни површини во соработка со општинските комунални служби.	• Подигање на еколошката свест и непосреден придонес кон убавината на Тетово.	• Еко-секции •Општински служби
Април 2027	• Посети на средни училишта во градот како дел од соработката со локалната образовна мрежа (за ученици од IX одделение).	• Поддршка во процесот на професионална ориентација и информирање.	• Стручна служба • Средни училишта
Мај 2027	• Учество на училишни екипи на општински спортски турнири, знаења или културни смотри. •Претставување на мултикултурните вредности пред јавноста.	• Поттикнување на фер-плеј натпреварување и презентација на училишниот дух.	•Наставници ментори •Ученици-натпреварувачи
Јуни 2027	• Завршна евалуација на соработката со локалната средина за учебната 2026/2027 година. • Изработка на Годишен извештај.	• Сумирање на резултатите и планирање на партнерства за следната учебна година.	• Директор • Стручна служба

ПРИЛОГ БР.41

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ПРВО ДО ДЕВЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ
Учебна 2026/2027 година

I. ВОВЕДНИ СОГЛЕДУВАЊА И ЦЕЛИ

Грижата за физичкото, менталното и социјалното здравје на учениците претставува темелен услов за нивниот правилен раст, развој и успешен воспитно-образовен процес во ООУ „Лирија“ – Тетово. Програмата опфаќа превентивни мерки, здравствено едукативни содржини, промоција на здрави животни навики, хигиена, физичка активност и соработка со здравствените институции во локалната средина.

Основни цели на програмата: Заштита и унапредување на физичкото и менталното здравје на учениците од прво до деветто одделение. Навремено откривање на здравствени промени и правилно следење на психо-физичкиот развој на учениците. Промовирање на здрави животни навики (правилна исхрана, физичка активност, лична и општа хигиена). Подигање на свеста кај учениците, родителите и наставниците за значењето на превенцијата и заштитата од заразни болести и лоши навики.

II. КЛУЧНИ ОБЛАСТИ НА ЗДРАВСТВЕНА ГРИЖА

Превентивни здравствени прегледи: Соработка со локалниот Здравствен дом / училишна амбуланта за реализација на редовни систематски и стоматолошки прегледи. Здравствена едукација и хигиена: Одржување хигиена во училишните простории, едукација за лична хигиена, правилна исхрана и превенција од зависности. Физичка активност и рекреација: Поттикнување на спортски активности, праведно оптоварување на часовите по физичко и здравствено образование и движење на свеж воздух. Психо-социјална поддршка: Грижа за менталното здравје, намалување на училишниот стрес и препознавање на емоционални потешкотии кај учениците.

III. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ ПО МЕСЕЦИ

Период / Месец	Клучни здравствени активности и содржини	Цели и очекувани ефекти	Носители и соработници
Септември 2026	• Проверка на здравствените картони и потврди за ново запишаните ученици (прво одделение и нови ученици).	• Навремена евиденција на здравствената состојба.	• Одделенски раководители

	• Едукација за лична хигиена, миење раце и хигиена во училницата на почетокот на учебната година.	• Создавање хигиенски навики од првиот ден.	• Медицински тим / Стручна служба
Октомври 2026	• Одбележување на Светскиот ден на здравата храна (16 Октомври) – работилници и изложби на здрави оброци. • Разговори за важноста на балансираната исхрана кај децата во развој.	• Подигање на свеста за избор на здрава храна и намалување на консумирањето брза храна и грицки.	• Наставници по природни науки • Одделенски наставници
Ноември 2026	• Превентивни разговори за заштита од сезонски вируси, настинки и грип. • Инспекција на училишната хигиена и вентилацијата на просториите во соработка со хигиеничарите.	• Навремена превенција од ширење на респираторни инфекции во училиштето.	• Училиштен лекар / Медицинска сестра • Стручна служба
Декември 2026	• Работилници за важноста на сонот, одморот и зачувувањето на енергијата за време на зимскиот период. • Анализа на општата здравствена состојба на учениците.	• Развивање на правилни животни навики за одржување на имунитетот.	• Училиштен психолог • Одделенски раководители
Јануари 2027	• Полугодишна евалуација на здравствено-хигиенските услови во училиштето. • Планирање на прегледи и превентивни акции за второто полугодие.	• Одржување на високи стандарди за чистота и здравствена безбедност.	• Директор • Раководител на технички персонал
Февруари 2027	• Организирање систематски и контролни здравствени прегледи (во соработка со надлежен Здравствен дом) за соодветни одделенија. • Стоматолошки прегледи и едукација за орална хигиена.	• Ран скрининг и откривање на здравствени отстапувања (вид, рбет, заби) кај учениците.	• Здравствен дом Тетово • Одделенски раководители
Март 2027	• Одбележување на Светскиот ден на здравјето (7 Април / припремни активности во март) – спортски игри на отворено. • Едукација за рекреација и важноста на движењето.	• Промовирање на физичката активност како основен столб на здравото тело.	• Наставници по ФЗО • Ученички парламент
Април 2027	• Превентивни предавања за учениците од повисоките одделенија (VII, VIII и IX одделение) за штетноста од пушење, алкохол и енергетски пијалоци. • Разговори за психофизичките промени во адолесценцијата.	• Превенција од први форми на зависности и соодветна едукација за адолесцентите.	• Школски лекар / Психолог • Предметни наставници
Мај 2027	• Пролетни спортски активности, кросови и пешачење во природа. • Контрола на хигиената во училишниот двор и спортските терени.	• Зацврстување на здравствените навики преку престој на чист воздух и спорт.	• Наставници по физичко образование

Јуни 2027	• Годишна евалуација и извештај за реализацијата на програмата за грижа за здравјето на учениците. • Препораки за следната учебна година.	• Резимирање на здравствената состојба и подготовка за следниот циклус.	• Директор • Стручна служба • Наставнички совет

Изготвил Стручната служба (Педагог)

ПРИЛОГ БР.42

ПРОГРАМА ЗА ЈАВНА И КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ ООУ „Лирија“ – Тетово

1. ВОВЕД И ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основната цел на оваа програма е промоција на училиштето како културен, мултикултурен и образовен центар во општина Тетово. Преку јавните манифестации се негуваат културните вредности, се развива емпатијата и се зајакнува соработката меѓу училиштето, родителите и локалната заедница.

Инклузивен пристап, ментално здравје и нулта толеранција за булинг: Програмата обезбедува активно и рамноправно учество на сите ученици, негувајќи ја различноста како вредност. Преку таргетирани јавни кампањи, училиштето отворено се бори против врсничкото насилство (булинг), нуди силна поддршка за менталното здравје и емоционалниот развој на учениците, ја промовира чесноста (антикорупција) и гради безбедна средина каде секој ученик се чувствува заштитен и прифатен.

2. ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА КАЛЕНДАРОТ НА АКТИВНОСТИ

Месец	Настан / Датум	Конкретна активност и педагошка содржина	Одговорни носители	Потребни ресурси / Соработка	Индикатори за успешност
СЕПТЕМВРИ	01.09 – Прв училишен ден	Пречек на учениците во училишниот двор. На првиот час се посветува време на кодексот на однесување – акцент на другарството и меѓусебната почит.	Директор, Одделенски раководители	Училишно озвучување, подготвени кодекси	Успешен старт за сите ученици; дефинирани правила на однесување во 100% од училниците.
	05.09 – Ден на Света Мајка Тереза	Традиционална почетна хуманитарна акција (собирање училишен прибор и материјали за социјално загрозени ученици).	Совет на родители, Ученички парламент, Стручна служба	Кутии за донации, дидактички материјали	Собрани пакети за сите таргетирани социјално загрозени ученици во училиштето.
	08.09 – Ден на писменоста	Квизови, читачки маратони и посети во соработка со Градската библиотека во Тетово.	Наставници по јазици, училиштен библиотекар	Книги, квиз-материјали, соработка со Градска библиотека	Реализирани читачки активности во кои учествуваат ученици од сите одделенија.
	21.09 – Ден на мирот	Ликовни колонии на тема „Мир, пријателство и свет без насилство“ и изработка на пораки за соживот.	Наставници по ликовно образование	Блокчиња, бои, хартија во боја	Поставена изложба со ученички цртежи во училишниот хол.
	26.09 – Европски ден на јазиците	Промоција на јазичната разновидност и меѓусебното разбирање преку активности со кои се слави учењето јазици.	Наставници по странски јазици и мајчин јазик	Постери, јазични картички	Изработени повеќејазични паноа; зголемен интерес за учење јазици кај учениците.
ОКТОМВРИ	Прва недела – Детска недела	Културно-уметничка приредба со песни и драмски точки. Инклузивен	Наставници од одделенска настава,	Приредени материјали,	Свечено примени сите првачиња; целосна инклузија без бариери.

	& Прием на првачиња	дочек на првачињата со попреченост и доделување „Детски пасоши“.	Инклузивен тим	Детски пасоши	
	Кампања во Детска недела	Изработка на „Дрво на пријателството“ во училишниот хол, каде се закачуваат пораки против насилството и ветувања за поддршка.	Ученички парламент, Педагог / Психолог	Голем цртеж на дрво, колаж хартија	Изработено дрво со над 200 уникатни ученички ракотворби и пораки против булинг.
	05.10 – Светски ден на учителите	Свечена содржина во знак на благодарност кон наставниот кадар, стручната служба и асинтентите.	Ученички парламент, Директор	Честитки, благодарници	Изразена благодарност и почит кон трудот на наставниците преку ученички пораки.
	16.10 – Светски ден на храната	„Базар за здрава храна“ во училишниот двор за промоција на здрави навики кај учениците.	Наставници, Ученици, Совет на родители	Штандови во дворот, здрави прехранбени продукти	Успешно реализиран базар со масовна посетеност од родителите и заедницата.
НОЕМВРИ	20.11 – Светски ден на детето	Форум-дебати и работилници преку Ученичкиот парламент на тема „Правото на детето да биде безбедно во училиште“ (сајбер-булинг).	Ученички парламент, Стручна служба	Материјали за работилници, презентации	Детектирани ученички ставови за безбедноста; изготвени препораки за заштита.
	22.11 – Ден на албанската азбука	Свечена академија со историски реферати, квизови на знаење и изложба на калиграфски изработки на буквите.	Наставници по албански јазик, Историја, Ликовно	Сценски материјали, изложбени паноа	Спроведена свечена програма во чест на државниот празник пред поширокатa јавност.
	28.11 – Ден на албанското знаме	Културно-уметничка приредба со традиционални ора, хорски изведби и претставување на фолклорното наследство во народни носии.	Музичка секција, фолклорна група	Народни носии, сценографија	Манифестација со високо ниво на уметничка изведба и посетеност од родителите.
ДЕКЕМВРИ	03.12 – Ден на лицата со попреченост	Централен инклузивен настан: „Ден на отворено и инклузивно училиште“ – заеднички креативни работилници „Различностите нè зближуваат“.	Училиштен инклузивен тим, Стручна служба	Дидактички материјали за инклузивна работа	Активно учество на сите ученици со попреченост во заеднички тимови.
	09.12 – Ден за борба против корупцијата	Креативни работилници за постери „Чесноста е моја вредност“ (промоција на интегритет, правично оценување и почитување правила).	Предметни наставници, Педагог	Прибор за цртање, хартија во боја	Креирани етички постери; подигната свеста за чесност и правичност кај учениците.
	10.12 – Ден на човековите права	Изработка на sидни весници и дебати за еднаквоста, достоинството и правото на инклузивно училиште без дискриминација.	Тим за заштита од дискриминација, наставници	Материјали за дебата, sидни весници	Реализирани дискусии и јасно позиционирaн став на училиштето против дискриминација.
	Крај на декември	Новогодишен хуманитарен базар: Продажни изложби со ракотворби од учениците за помош на ученици од социјален ризик.	Сите наставници, ученици, родители	Ракотворби, штандови за продажба	Собрани финансиски средства наменети за хуманитарни цели за социјално загрозени деца.
ФЕВРУАРИ	Последна среда – Ден на розовата маичка	Централна анти-булинг кампања: Носење розова облека, едукативни претстави. Поставување кутија „Пријави булинг – побарај помош“.	Драмска секција, Стручна служба	Розова облека/маички, едукативна кутија	100% поддршка од заедницата; функционален и безбеден систем за пријавување насилство.

	21.02 – Ден на мајчиниот јазик	Литературни читања, рецитаторски средби и негување на убавиот збор на мајчин јазик.	Наставници по мајчин јазик, Литературна секција	Книжевни текстови, избор на поезија	Успешно реализиран литературен конкурс; прогласени и наградени најдобрите творби.
МАРТ	01.03 – ПАТРОНЕН ПРАЗНИК НА УЧИЛИШТЕТО	Централен настан на ОУ „Лирија“: Свечена академија со инклузивно учество на учениците со попреченост на сцената (хор, рецитации).	Раководно тело, Стручни активи, Музичка секција	Свечена сала/сцена, покани за Општина Тетово	Највисоко ниво на јавна презентација на училиштето пред заедницата и локалните власти.
	07.03 – Ден на албанскиот учител	Свеченост во чест на просветните работници со пораки „Благодарам учителе“ за нивната улога како ментори и заштитници.	Ученички парламент	Свечени пораки, цвеќе, благодарници	Зајакната мотивација на наставниот кадар преку јавно признание за нивниот труд.
	08.03 – Ден на жената	Литературни и ликовни конкурси посветени на улогата на жената во општеството.	Наставници по јазици и ликовно	Конкурсни материјали, награди	Изработена тематска галерија со ученички трудови посветени на мајките и жените.
	21.03 – Ден на поезијата & Ден на Даунов синдром	Реализација на светската инклузивна акција „Шарени чорапи“ во знак на прифаќање на различностите; поетски читања.	Наставници, Дефектолог, Стручна служба	Шарени чорапи, поетски збирки	Симболично обележување со масовно носење шарени чорапи во знак на поддршка.
АПРИЛ	02.04 – Ден на свесноста за аутизмот	„Ден во сино“ – учениците носат сини маички/ленти. Активности за прифаќање на децата од спектарот на аутизам.	Инклузивен тим, сите вработени	Сини материјали, ленти, брошури	Подигнато ниво на емпатија; спречена социјална изолација во паралелките.
	22.04 – Ден на Планетата Земја	Заедничка еколошка акција за чистење и садење во училишниот двор (поврзано со Планот за уредување).	Тим за екологија, технички персонал, ученици	Садници, цвеќе, еколошки алат	Исчистен и хортикултурно обновен училиштен двор со помош на заедницата.
МАЈ	ЦЕЛ МЕСЕЦ МАЈ – Свесност за ментално здравје	„Недела на емоционална благосостојба“ (Втора недела): „Катчиња за релаксација“, работилници за справување со стрес, предавања против Burnout кај наставниците. Табла „Сподели како се чувствуваш“.	Педагог, Психолог, Стручна служба	Интерактивни табли, материјали за релаксација	Воспоставени функционални катчиња; намален стрес пред финалните тестирања.
	04.04 – Ден на ОН за борба против булингот	Втор бран на анти-булинг кампања: Работилници со стручната служба за евалуација на состојбите со насилство и зајакнување на емпатијата.	Стручна служба, Одделенски раководители	Евалуациони прашалници, брошури	Реализиран увид во намалувањето на насилството; потврдени ефектите од превенцијата.
	09.05 – Ден на Европа	Манифестација каде паралелките претставуваат различни држави, промовирајќи ги европските вредности.	Наставници по географија, странски јазици	Материјали за штандови на државите	Мултикултурно дефиниран настан кој ги обединува учениците преку тимска работа.
	15.05 – Ден на семејството	Спортски и креативни игри каде родителите (вклучително и на деца со попреченост), наставниците и децата учествуваат заедно.	Наставници по физичко, Инклузивен тим	Спортски реквизити, награди	Зголемена кохезија на релација училиште-семејство; силна инклузивна заедница.

	23.05 – Ден на нац. образование на Албанците	Историски часови за развојот на албанското образование во државата (во спомен на с. Велешта, 1944).	Наставници по историја	Историски документи, презентации	Развиена историска свест кај учениците за значењето на образованието.
	24.05 – Св. Кирил и Методиј	Државен празник; заеднички активности на ниво на училиште за значењето на сесловенската писменост.	Наставници по јазици и историја	Печатени материјали, реферати	Одбележан празникот во сите паралелки со соодветни едукативни содржини.
ЈУНИ	Почеток на јуни – Завршна училишна изложба	Презентација на најдобрите изработки на учениците од анти-булинг, етичките и работилниците за ментално здравје.	Наставници по ликовно, Стручна служба	Паноа во холот, уредена галерија	Јавно презентирани превентивните резултати и креативноста во текот на годината.
	Свеченост за полуматуранти те	Свечено испраќање на деветтоодделенците, со посебни пофалници за промоција на ненасилно однесување, чесност и инклузивност.	Директор, Раководители на 9-то одд, Педагог	Дипломи, пофалници, благодарници	Испратена успешна генерација со развиени морални и емоционални вредности.

3. ФОРМИ НА ЈАВНА ДЕЈНОСТ, ПРЕВЕНТИВЕН ПРИСТАП И КОМУНИКАЦИЈА

Информирање и дигитална грижа: На официјалната веб-страница на училиштето редовно се објавуваат едукативни содржини за родителите: совети за зачувување на менталното здравје кај тинејџерите, препознавање на сајбер-булинг и поттикнување на отворен дијалог во семејството.

Институционална соработка во Тетово:

Заеднички предавања во соработка со МВР – СВР Тетово (Сектор за превенција) на тема „Насилството не е решение“ и предавања за етика и законски правила. Соработка со Медицинскиот центар во Тетово (оддел за ментално здравје) за стручни трибини и поддршка. Вклучување на Ученичкиот парламент и студентите по психологија / педагогија од Универзитетот во Тетово (УТ) за врсничка едукација.

4. ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Реализацијата на програмата се следи преку: Индикатори за училишна клима: Следење на ефектите од неделата на ментално здравје и намалувањето на случаите на булинг преку работата на стручната служба. Квалитативни индикатори: Анкети за социјално-емоционалната состојба и безбедноста во училиштето пополнети од учениците, наставниците и родителите во рамките на редовната самоевалуација на крајот од учебната година.

Изготвил Стручната служба (Педагог)

ПРИЛОГ БР.43

ПРОГРАМА ЗА СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ООУ „ЛИРИЈА“ – ТЕТОВО Учебна 2026/2027 година

1. МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП И ТЕОРЕТСКА ОСНОВА

Евалуацијата на Годишната програма за работа во ООУ „Лирија“ – Тетово не се третира како изолиран административен чин на крајот од учебната година, туку како динамичен и континуиран процес на педагошко управување (мониторинг). Методолошкиот пристап се заснова на принципот на триангулација на податоци, што подразбира комбинирање на квантитативни показатели (статистика на успех, број на реализирани часови, проценти на посетеност) и квалитативни показатели (наоди од хоспитации, рефлексивни разговори со наставници, ниво на задоволство од училишната клима).

Процесот е поделен на две клучни димензии:

Формативна евалуација (Следење): Се спроведува тековно со цел навреме да се детектираат системски или индивидуални тешкотии во наставата и да се направат корекции во одот.

Сумативна евалуација (Крајна оцена): Се спроведува на полугодието и на крајот од учебната година, со цел да се утврди финалниот степен на реализација на поставените цели.

2. СУБЈЕКТИ ОДГОВОРНИ ЗА СЛЕДЕЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА

Процесот на следење се реализира на сите нивоа во училиштето, со јасно поделени улоги и одговорности прикажани во следнава табела:

Субјект / Тим	Улога и одговорност во евалуацијата
Директор и Помошник-директор	Глобално следење на реализацијата на одлуките, законската усогласеност, материјално-финансиското работење и менаџирањето со човечките ресурси.
